УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

ДЕЛОВНА (БИЗНИС) ЕКОНОМИЈА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Евалуација на ефектите од човечкиот капитал врз економскиот раст со фокус на транзициска економија

Ментор:

Проф. д-р Еленица Софијанова

Изработил:

Гордана Серафимовиќ

Штип, мај, 2022

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

ДЕЛОВНА (БИЗНИС) ЕКОНОМИЈА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Евалуација на ефектите од човечкиот капитал врз економскиот раст со фокус на транзициска економија

Ментор:

Проф. д-р Еленица Софијанова

Изработил:

Гордана Серафимовиќ

Штип, мај, 2022

Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација:

Интерен ментор: Проф. д-р Еленица Софијанова
Економски факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Екстерен ментор: Проф. д-р Ирена Ашталкоска,
Факултет за економски науки
Американски универзитет на Европа - ФОН

Членови на комисијата за оценка и одбрана:

Претседател: Проф. д-р Ристе Темјановски
Економски факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Член: Проф. д-р Тамара Јованова Апасиев
Економски факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Член: Проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска
Економски факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Научно поле: Економски науки
Научна област: Деловна бизнис економија

Рецензирани и објавени научни трудови:

1. “The Relationship between the GDP and Unemployment Rate in North Macedonia” 30th International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Vrnjačka Banja, Serbia, 2021
2. “Evolving a new paradigm in education appropriate to the needs of the 21st century”, UTMS Journal of Economics, 11(1): 59–66. 2020 ISSN 1857-6982
3. “Servqual: Measuring the Satisfaction of Consumers as a Marketing Activity”, Macedonian International Journal of Marketing 5 (10): 18-34, 2019 ISSN 1857-9787
4. “The Influence of the Use of Power in Corporate Governance on the Socially Responsible Policies of a Competing Company”, UTMS Journal of Economics 10(1) 2019 ISSN 1857-6982
5. “Exposure and Use of Mobile Media Devices by Children: Challenges and Implications”, UTMS Journal of Economics 10(1) 2019 ISSN 1857-6982
6. “Discrimination in Employment Based on Political Affiliation” University Review, Trenčianska univerzita Alexandra Dubčeka v Trenčíne 12 (1): 27-34, 2018
7. “Recognizing the Vulnerability of Generation Z to Economic and Social Risks”, UTMS Journal of Economics 9(1): 29-37, 2018 ISSN 1857-6982
8. “Job Analysis as an Important Human Resources Management Function”, International Refereed Scientific Journal Vision 2(1), 2017 ISSN: 2545-4331
9. “Expectations and Brand Experience: Millennials – the Generation that can Shape the Future Service Quality of Companies in a Developing Country” Vol. 10 (2017): Balkan Social Science Review Vol. 10

СОДРЖИНА

Апстракт 9

Abstract 12

Научна оправданост на истражувањето 14

Хипотетска рамка 16

Цел: 16

Проблем на истражувањето: 16

ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА: 17

Материјали и методи на истражување 19

Вовед 21

ДЕЛ 1 27

Човечкиот капитал и економскиот раст 27

1. Дефинирање на економскиот раст и развој 28

1.1. Моделот на економски раст (Solow Model) 31

1.2. Импликации на моделот на економски раст 34

1.3. Раст на продуктивноста на трудот 34

1.4. Мерење на продуктивноста на трудот 35

2. Човечки капитал и неговата улога во поддршка на економската активност 36

2.1 Влијанието на ефектите на човечкиот капитал врз економскиот раст 38

2.2 Човечки капитал и економски раст: краток преглед на литература 39

2.3 Инвестирање во човечки капитал 41

2.4 Економските бенефити од човечкиот капитал 45

2.5 Градење човечки капитал 48

2.6 Вклученост на владите во градењето човечки капитал 51

2.7 Мерење на човечкиот капитал преку индексот за човеков развој 53

2.7.1 Проект за човечки капитал 55

2.7.2 Индекс на човечки капитал 56

2.7.3 Индексот на човечки капитал и продуктивноста 59

2.8 Методологија за мерење на човечки капитал 63

3. Инвестирање во човечкиот капитал во РСМ и земјите од Западен Балкан..... 65

3.1 Индексот за човечки капитал 2020 во СРМ и земјите од Западен Балкан 68

3.2 Влијанието на глобалната пандемија Ковид 19 врз човечкиот капитал 73

3.3 Влијанието на Ковид 19 пандемијата врз здравјето и образованието во Европа 76

3.3.1 Влијанието на пандемијата врз образованието 78

3.3.2 Влијанието на пандемијата врз здравјето..... 80

3.4 Економијата во Република Северна Македонија под притисок на Ковид 19..... 82

ДЕЛ 2 85

1. Концептот за човечки развој 86

1.1. Преглед на литература за улогата на концептот за човечки развој 90

1.2. Начини за пресметка на човековиот развој 93

1.2.1 Дефиниции за развој на индекс на човечки развој 94

1.2.2 Како се пресметува индексот на човековиот развој?..... 95

1.3 Индексот за човечки развој – Западен Балкан и ЕУ27 103

1.4. Алтернативни мерки на човековиот развој 114

1.4.1 Индекс на среќа 115

1.4.2 Индексот за социјален напредок..... 120

ДЕЛ 3 125

Процесот на транзиција на земјите од Западен Балкан..... 125

1. Процес на транзиција во земјите од Западен Балкан 126

1.1. Краток историски осврт на реформите низ транзицијата..... 130

1.2. Реформи во постконфликтна ера..... 133

2. Патот на Северна Република Македонија до независноста..... 137

3. Турбуленции во глобалниот финансиски систем и Големата Ррецесија 140

4. Недостаток на стратегии за економски раст на Република Северна Македонија..... 144

5. Иднината на младите во Северна Република Македонија..... 153

ДЕЛ 4 157

ПОДАТОЦИ И МЕТОДОЛОГИЈА 158

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 165

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 168

ЗАКЛУЧОК 207

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (REFERENCES) 217

„Евалуација на ефектите од човечкиот капитал врз економскиот раст со фокус на транзициска економија“

Апстракт

Целта на оваа докторска дисертација е да се испита влијанието на човечкиот капитал врз економскиот раст во случајот на Република Македонија и, исто така, да направи компаративна анализа со другите земји во Западен Балкан. Очигледно е дека човечкиот капитал е клучен за економскиот раст. Истражувањето на влијанието на човечкиот капитал врз растот може да донесе вредни информации за креаторите на политиката за да ги потврдат своите стратегии за развој и да ги стимулираат факторите што водат до економски раст. Трудот има за цел да ги испита односите помеѓу човечкиот капитал и економскиот раст во македонската економија преку анализа на корелациите помеѓу статистичките варијабли што го мерат човечкиот капитал и економскиот раст. Во согласност со овој аргумент е поставена и главната хипотеза на ова истражување.

Со цел да откриеме дали постои корелација помеѓу БДП и човечкиот капитал, во истражувањето е користен економетриски регресионен модел со примена на SPSS софтверот, квалитативно истражување и останати секундарни податоци. Притоа, БДП се користеше како независна варијабла, додека животниот век, вклученоста во образовниот процес и продуктивноста и вработеноста, беа користени како зависни варијабли, секоја со свои посебни индикатори.

Користејќи модел на регресија, се анализира влијанието на образовниот и здравствениот капитал врз економскиот производ. Во трудот, линеарниот регресивен модел на врската на човечкиот капитал со економскиот раст е подмет на емпириска анализа, прво, земајќи го предвид само образованието како човечки капитал и второ, вметнувајќи ги во моделот и двете компоненти: здравство и образование.

Изборот на променливите кои се составен дел на економетриската анализа за докажување на поставените хипотези претставува една од најкомплексните

задачи. Консултирање на теоријата говори за најважните променливи и нивната насока на делување, но теоретскиот модел не се пресликува толку добро во реалните податоци. Во истражувањето користени се податоци добиени од секундарни извори, кои се протегаат во временски интервал од 2000-2019 година. За остварување на основната цел, евалуација на ефектите на човечкиот капитал врз економскиот раст користени се повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат индексот на човечки капитал и бруто домашниот производ.

За да ја потврдиме поставената хипотеза, требаше да дојдеме до некои сознанија кои докажуваат дека поголемо вложување во човечкиот капитал (зголемување на продуктивноста на следните генерации) има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител, т.е. е поврзана со растот на БДП и економската активност. Ова значи дека вложувањата во човечкиот капитал може да се предвидат со задоволително ниво, доколку ги знаеме проекциите за движењето на БДП во иднина. Промените на индикаторите за човечкиот капитал и на растот на БДП може да се предвидат само доколку економијата е стабилна, односно не е под влијание на некои вонредни настани, како што се природни катастрофи, пандемии, војни, терористички напади, и слично.

Покрај тоа што ова истражување придонесува за збогатување на академската литература, има придонес и во процесот на стекнување основни познавања за човечките ресурси и за инвестициите во човечкиот капитал како најважен фактор за економски раст на една земја.

Прашањето за долгорочниот економски раст и развој има висока релевантност за секоја економија, бидејќи ако земјата остварува високи и одржливи стапки на економски раст, се подобруваат сите нејзини економски и социјални перформанси. Фактички, од динамиката и од квалитетот на растот, во крајна линија, зависи благосостојбата на граѓаните на земјата. Ова особено и поради општо познатото сознание на теоријата на економскиот раст дека мали, дури маргинални, занемарливи колебања во стапките на економскиот раст (од 0,5 или 1 процентен поен) имаат долгорочни последици врз економската моќ на една земја.

Имајќи предвид дека економскиот развој претставува само еден процес од комплексниот систем наречен човечки развој, произлегува дека економскиот развој неминовно води до човечки развој и квалитет на живот.

Клучни зборови: човечки капитал, образование, економски раст, ИЧР

"Evaluation of the effects of human capital on economic growth with a focus on the transition economy"

Abstract

This doctoral thesis aimed to examine the impact of human capital on economic growth in the case of the Republic of Macedonia and also to make a comparative analysis with other countries in the Western Balkans. Human capital is key to economic growth. Research on the impact of human capital on growth can bring valuable information to policymakers to validate their development strategies and stimulate the factors that lead to economic growth. The paper aims to examine the relationship between human capital and economic growth in the Macedonian economy by analyzing the correlations between statistical variables that measure human capital and economic development. Following this argument, the central hypothesis of this research is set.

To find out if there is a correlation between GDP and human capital, an econometric regression model using SPSS software, qualitative research, and other secondary data is used. In doing so, GDP was used as an independent variable. In contrast, life expectancy, involvement in the educational process, and productivity and employment were used as dependent variables, each with its own specific indicators.

The impact of educational and health capital on economic output is analyzed using a regression model. In the paper, the linear regression model of the relationship between human capital and economic growth is subject to empirical analysis, considering only education as human capital, secondly including both components: health and education.

The selection of variables that are an integral part of econometric analysis to prove the set hypotheses is one of the most complex tasks. Consulting the theory talks about the most critical variables and their direction of action, but the theoretical model is not reflected so well in the actual data. The research used data obtained from secondary sources, which extend in the time interval from 2000-to 2019. To achieve the fundamental goal of evaluating the effects of human capital on economic

growth, several variables have been used: the determinants that constitute the human capital index and the gross domestic product.

In order to confirm the hypothesis, we had to come to some findings that prove that more significant investment in human capital (increasing the productivity of future generations) has a positive association with increased GDP per capita, i.e., it is related to GDP growth and economic activity. This means that investments in human capital can be predicted if we know the projections for the movement of GDP in the future. Changes in human capital and GDP growth indicators can be expected if the economy is stable, i.e., not affected by some emergency events, such as natural disasters, pandemics, wars, terrorist attacks, and the like.

In addition to contributing to the enrichment of the academic literature, this research also contributes to acquiring basic knowledge of human resources and investment in human capital as the essential factor for the economic growth of a country.

Long-term economic growth and development are highly relevant for any economy. Therefore, if the country achieves high and sustainable economic growth rates, all its economic and social performance improves. The dynamism and quality of growth ultimately depend on the well-being of the country's citizens. This is mainly due to the well-known knowledge of the theory of economic growth that small, even marginal, negligible fluctuations in economic growth rates (of 0.5 or 1 percentage point) have long-term consequences on the economic power.

Given that economic development is just one process of a complex human development system, it follows that economic development inevitably leads to human development and quality of life.

Keywords: Human capital, Education, Economic Growth, HDI,

Научна оправданост на истражувањето

Концептот за човечки капитал е сложен и повеќеслоен. Според многу автори тоа се вештини и знаења што луѓето ги стекнуваат за време на нивното формално школување а кои претставуваат форма на човечки капитал. Самиот поим човечки капитал ја нагласува разликата дека придонесот на луѓето во организациите е многу поголем од самата физичка работа. Тој однос на нивото на придонесот јасно се менуваше со текот на времето, од претежно физичка работа, до денешните работни места каде таквиот придонес е најмал, а најголема додадена вредност ја создаваат најразличните интелектуални, креативни и други способности.

Како што покажаа различните студии на глобално ниво, човечкиот капитал може да се следи и на повисоки нивоа од организациските единици. Особено интересни се споредбите на земјите во однос на проценката на човечкиот капитал. Поради теоријата за човечки капитал која претпоставува дека инвестициите можат да се измерат, различните земји избираат различни стратегии за да ги зголемат резултатите. На пример, некои земји ќе им обезбедат бесплатно образование на своите граѓани поради самиот факт кој вели дека поквалитетно образованите луѓе заработуваат повеќе, а со тоа и трошат повеќе, што во крајна линија има позитивно влијание врз целата економија.

За да се нагласи важноста на вложените ресурси во образованието и здравјето на граѓаните (кои на ниво на држава директно влијаат врз човечкиот капитал), Светската банка го лансираше Human Capital Index-от преку кој го следи напредокот и квалитетот на живот во одделни земји. Важно предупредување даде и Џим Јон Ким, претседател на Светската банка, кога во 2018 година изјави: „Нашите анализи сугерираат дека земјите кои денес имаат најмали вложувања во човечки капитал во иднина ќе располагаат со работна сила која има од една третина до една половина од продуктивноста на работната сила во земји кои денес имаат големи вложувања во тој сегмент“.

Токму поради тоа, веруваме дека треба да се зголемат инвестициите во човечкиот капитал, со цел да се зголеми и БДП по глава на жител. Темата која ја третира овој докторски труд е многу значајна за академскиот свет и сите кои работат на финансискиот пазар. Со оглед на тоа што знаењата за инвестирањето во човечкиот капитал на Балканот се релативно слаби, сметаме дека разработката на оваа тема е солиден обид за подигнување на свеста за ризиците и можностите кои ги нуди вложувањето во човечкиот капитал, посебно во образованието и здравството.

Факт е дека во нашиот регион постои Недоволен економски раст (ниско ниво на ГДП по глава на жител) како резултат на слаби инвестиции во човечкиот капитал (здравство и образование). Затоа сметаме дека ова истражување ќе претставува силен придонес за академијата и другите практичари, особено за регионот на Балканот. Истражување се заснова на хипотезата за ефектите од човечкиот капитал врз растот на БДП по глава на жител.

За да ја провериме поставената хипотеза планираме да користиме различни извори на алатки за истражување, како што се емпириски докази, квалитативни истражувања, преглед на најновата литература во овој домен, како и некои секундарни податоци. Користејќи регресионен модел, ќе се анализира влијанието на образовниот и здравствениот капитал, како и стапката на продуктивност врз економскиот раст. Во трудот, дел од емпириската анализа ќе биде и линеарен модел на регресија на односот на човечкиот капитал врз економскиот раст, прво, земајќи го предвид само образованието како човечки капитал и второ, инкорпорирање во моделот и на двете компоненти: здравје и образование. На крајот на трудот, врз основа на резултатите од истражувањето следат соодветни заклучоци и препораки.

Со јасно дефинирање на предметот и целите на истражувањето, се овозможува и јасно поставување на хипотетичката рамка со главните и помошните хипотези.

Хипотетска рамка

Цел:

Да се испитаат односите помеѓу човечкиот капитал и економски раст во македонската економија со анализа на корелациите помеѓу статистички варијабли кои го мерат човечкиот капитал и економскиот раст.

Да се направи компаративна анализа на Република Македонија како земја во транзиција со земји со развиени економии за да се утврди разликата во начинот адресирање на прашањата за зголемување на човечкиот капитал.

Проблем на истражувањето:

Недоволен економски раст (ниско ниво на ГДП по глава на жител) како резултат на слаби инвестиции во човечкиот капитал (здравство, образование и вработување).

Кога зборуваме за вложување во човечкиот капитал, мислиме на вложување во луѓето – преку здравствена заштита, квалитетно образование, вештини и можности за вработување.

Вложувањето во човечкиот капитал е од критично значење за иднината на овој регион. Само со квалитетно вложување во луѓето можеме да се остварат вистински исходи и да се осигура дека секој граѓанин ќе има можност да има пристојни приходи, да живее здрав живот и да придонесе кон општеството.

Образовните системи ширум регионот Западен Балкан, во различна мера, не ги опремуваат младите луѓе со вештините кои денешните работодавачи ги бараат. Недостатоците на вештините ги попречуваат барателите на работа во наоѓањето на работа и ги намалуваат можностите на фирмите да растат.

Работната сила со слабо развиени вештини ги ограничува приходите на граѓаните, како и потенцијалот на земјите за раст. Знаеме дека јазовите на човечкиот капитал почнуваат рано во животот на човекот – уште на предучилишна возраст – и потоа се прошируваат со текот на времето. Тоа значи дека мора да вложуваме колку што е можно порано – и колку што е

можно поделотворно – во луѓето за да ги подготвиме за работните места на иднината.

Резултатите од истражувањата спроведени од Светска банка како и новиот Индекс на човечки капитал (ИЧК) со кој се мерат постигнувањата на земјата во однос на здравствените и образовните исходи укажуваат на фактот дека Македонија како земја во транзиција со поголеми вложувања во човечкиот капитал ќе придонесе за надминување на проблемот на недостаток на вештини, а исто така ќе се зголеми бројот на работни места.

Образовано, здраво и продуктивно население е од суштинска важност за намалувањето на сиромаштијата и за постигнување на одржлив економски раст и просперитет.

ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА:

Поголемо вложување во човечкиот капитал (зголемување на продуктивноста на следните генерации) има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител.

За остварување на основната цел, евалуација на ефектите на човечкиот капитал врз економскиот раст користени се повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат индексот на човечки капитал (независни променливи) и бруто домашниот производ (зависна променлива).

X1: Подолг животен век по глава на жител има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител

Индикатори:

- Стапка на смртност на деца под 5 години и
- Очекуваното траење на живот од раѓање.

X2: Поголема вклученост во образовниот процес има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител

Индикатори:

- стапка на запишување,

- очекувани години на школување и
- просечни години на школување.

Х3: Растот на продуктивноста и вработеноста има позитивна асоцијација со растот на БДП по глава на жител

Индикатори:

- стапката на продуктивност во Република Северна Македонија,
- стапка на вработеност во Република Северна Македонија и
- стапка на невработеност во Република Северна Македонија.

Индикаторите – се мерат со апсолутни бројки и проценти

Материјали и методи на истражување

Методите на истражување во овој докторски труд се засноваат на:

1. Емпириски докази - користејќи ги емпириските докази се обидовме да добиеме информации преку набљудување и документирање на податоците поврзани со човечкиот капитал.

2. Преглед на најновата академска литература - прегледот на литературата во овој труд се заснова на последните академски истражувања во оваа област. Користени се најновите академски трудови поврзани со хуманиот капитал на Балканот и во Светот, заради опфаќање на најновите случувања.

3. Квантитативно истражување - Користејќи регресионен модел, ќе се анализира влијанието на образовниот и здравствениот капитал врз економскиот раст. Во трудот, дел од емпириската анализа ќе биде и линеарен модел на регресија на односот на човечкиот капитал врз економскиот раст, прво, земајќи го предвид само образованието како човечки капитал и второ, инкорпорирање во моделот и на двете компоненти: здравје и образование.

Користејќи регресионен модел, ќе се анализира влијанието на образовниот и здравствениот капитал, како и вработувањето врз економскиот раст. Во трудот, дел од емпириската анализа ќе биде и линеарен модел на регресија на односот на човечкиот капитал врз економскиот раст, прво, земајќи го предвид само образованието како човечки капитал, второ, инкорпорирање во моделот и на трите компоненти: здравје и образование и вработување.

За евалуација на ефектите од растот на човечкиот капитал мерен со индексот на човечки развој врз економскиот раст во трудот се применети повеќе методи. За испитување на карактеристиките на податоците се користи дескриптивната статистика, мултиваријантната анализа и регресионата анализа.

За откривање на јачината и насоката на квантитативното слагање на варијациите на две или повеќе појави се користи методата на корелација. Влијанието на секој фактор на независната променлива се испитува со повеќекратна регресија.

Посебни научни методи се:

Добиените резултати од емпириското истражување ќе бидат квантитативно изразени во вкрстени табели, а потоа со компаративна анализа ќе се добиваат показатели за начинот и степенот на динамична комплексност човечкиот капитал врз економскиот раст.

Статистичка обработка

Добиените податоци ќе бидат статистички обработени со помош на програмот SPSS Statistics и со помош на стандардни дескриптивни и аналитички биваријантни и мултиваријантни методи.

Вовед

Концептот на човечки капитал и неговиот настанок се поврзуваат со Адам Смит – економист и филозоф од 18 век. Сепак, сè уште постојат разни дефиниции и поделби на видовите на човечки капитал. Во рамките на деловното опкружување може да се согледа како способности, знаење и вештини кои имаат економска вредност, т.е. зголемување на продуктивните способности на поединецот. Постои и нешто поширока дефиниција на ОЕЦД која го дефинира човечкиот капитал како „знаење, вештини, компетенции и карактеристики на поединците кои го олеснуваат создавањето на лична, општествена и економска благосостојба“. Во развојот на човечкиот капитал значаен придонес даваат и работодавците, но и самите вработени. Па поради тоа оваа област е тесно поврзана со областа (и одделите) за човечки ресурси.

Најновите предизвици како што се глобализацијата, економијата базирана на знаење и технолошката еволуција поттикнуваат многу земји и организации да бараат нови начини за одржување на конкурентската предност. Како одговор на тоа преовладува чувството е дека успехот во голема мера зависи од луѓето со повисоки нивоа на индивидуална компетентност. На крајот, луѓето стануваат вредни средства и можат да бидат препознаени во рамките на човечки капитал. Во економска перспектива, капиталот се однесува на „фактори на производство што се користат за создавање добра или услуги што не се самите значително се трошат во производствениот процес“ (Болдицони, 2008). Заедно со значењето на капиталот во економската перспектива, човекот треба да ја преземе одговорноста за сите економски активности како што се производство, потрошувачка и трансакција. Со воспоставувањето на овие концепти, може да се признае дека човечки капитал значи дека е еден од производните елементи што може да генерира додадени вредности преку негово внесување.

Методот за создавање човечки капитал може да се категоризира во два вида. Првиот е да се искористи „човечкото како работна сила“ во класичната економска перспектива. Ова значење прикажува дека економската додадена вредност е генерирана од внесувањето на работната сила како други

производни фактори како што се финансиски капитал, земја, машини и работни часови. До монументалниот економски раст од 1950-тите, повеќето економисти ја поддржуваа важноста на таквата квантитативна работна сила за создавање производи. Другиот се заснова на претпоставката дека инвестицијата на физички капитал може да ја покаже истата ефективност со онаа на човечкиот капитал натаму врз образование и обука (Литл, 2003 година).

Во почетокот на 1990тите години Западен Балкан почна да претрпува големи структурни промени на економски и политички план. За разлика од другите земји во Југославија, Република Северна Македонија, својата независност ја стекна без воени конфликти. Така, во септември, 1991 година на Референдум, бешеше изгласано осамостојувањето на државата. Но, со трговското ембарго наметнато од Грција поради несогласувања околу името и знамето, Република Македонија претрпе штета од околу 2 милиони долари до 1994 година. Паралелно со грчкото ембарго, беше на сила и ембаргото наметнато на Југославија од страна на Обединетите нации, кое Република Северна Македонија беше приморана да го почитува во 1995 година. Овие две ембарга ја отсекоа РСМ од Коридорот 10 како главна трговска патна мрежа. Во 2001 година следуваше и воениот конфликт, кој беше уште еден потрес кој влијаеше на македонската економија. Високата стапка на невработеност во 1990тите години, највисока од сите земји во СФРЈ, дури 20% се појави како последица на почетокот на еден сложен процес за така мала земја – транзицијата. На самиот почеток, паралелно со осамостојувањето, започна и приватизацијата, транзиција на општествениот во приватен капитал. Транзицијата предизвика големи турбуленции во производството и вработеноста. Со намалувањето на индустриските капацитети, се намали и бруто домашниот производ (БДП). Дури во 2006та година, во РСМ го стабилизираше БДП на нивото од пред транзицијата.

Со влегувањето на странски директни инвестиции, во периодот пред кризата 2004- 2006та година, имаше зголемен домашен пораст кој се должеше на зголемениот извоз и побарувачката на домашни производи. Ефектот на сите надворешни негативни случувања беше минимален за РСМ, поради сите структурни реформи пред кризата, меѓи кои беа добрата монетарна политика и конзервативната фискална позиција. Во реализацијата на монетарната

политика, Централната Банка на РМ одигра клучна улога врз вкупните економски движена во земјата. Зголемувањето на инвестициите во бруто домашниот производ (БДП) од 20,8 % во 2005та година на 26,8% во 2008ма година беа позитивен знак за долгорочниот раст. Во 2010 година имаше благо опаѓање на 24,8 %. Падот е резултат на измените во законите за оданочување, приливот на странски директни инвестиции како и зголемената кредитна активност.

Едни од главните показатели за доброто функционирање на пазарот на трудот е степенот на (не)вработеност и времето на чекање за вработување. Долгорочната невработеност е сигнал дека понудата на пазарот на труд не кореспондира со побарувачката на работна сила. Колку времето на чекање е подолго, толку квалитетот на човечкиот капитал се намалува, вештините , способностите и квалификациите стекнати во периодот на процесот на образование или како искуство стекнато од претходно вработување, обука или тренинг се губат со текот на времето. Со тоа се обременува процесот на барање нова работа а и се појавува еден така наречен ефект на обесхрабрен работник – работник кој по долго време се откажува од потрагата за нова работна позиција.

Кога станува збор за пазарот на труд и осцилациите во стапките на вработеност, може слободно да се каже дека тоа е една болна тема која трае од самиот процес на осамостојување на Република Северна Македонија. Кога се појави моделот на слободна пазарна економија, за македонскиот работодавец но и работник, се отворија и нови рани. Неприфаќањето на овој модел, значење и појава на нови структурни промени на побарувачката на пазарот на труд. Сѐ уште, овие промени се рак рака како за креаторите на образовните политики и програми, така и за македонската економија, која ја трпи штетата од не можноста континирано да се дополнуваат, моделираат и креираат програми кои ќе бидат произведат кадри кои ќе одговорат соодветно на барањата на пазарот на труд.

Значи, прашањата кое се поставени во овој докторски труд се: Која е најдобрата стратегија за инвестирање во човечкиот капитал? Кои приоритети ќе се од клучно значење и треба да бидат дел од стратегијата?, Дали меѓу

секторската соработка на образование и здравство, ќе овозможи забрзан и одржлив развој на земјата? Може ли да човечкиот капитал да е најважен фактор за долгорочен економски раст? Ова се само дел од прашањата на кои се обидуваме да дадеме одговори во овој докторски труд.

За да се провери хипотезата и да се дадат најдобрите одговори на поставените прашања се користат се користат различни извори на алатки за истражување, како што се емпириски докази, квалитативни истражувања, преглед на најновата литература во овој домен, како и некои секундарни податоци.

Користејќи регресионен модел, ќе се анализира влијанието на образовниот и здравствениот капитал, како и стапката на продуктивност врз економскиот раст. Во трудот, дел од емпириската анализа ќе биде и линеарен модел на регресија на односот на човечкиот капитал врз економскиот раст, прво, земајќи го предвид само образованието како човечки капитал и второ, инкорпорирање во моделот и на двете компоненти: здравје и образование. На крајот на трудот, врз основа на резултатите од истражувањето следат соодветни заклучоци и препораки. Базата на која се темели овој труд е клуч за иднината на една транзициска економија како македонската. Позитивните ефекти од мерките кои произлегуваат на крајот на овој труд се во форма на стратегија за развој и инвестиции во човечкиот капитал. Тоа се мерки за креирање на едно општество во кое секој човек ќе придонесе користејќи го сопствениот капитал и продуктивност, а со самото тоа, би биле поттикнувачи на зголемувањето на економскиот стандард на државата.

Текстот на овој докторски труд е поделен во три основни целини, со додаток на вовед, заклучоци и препораки, како и прилози за поддршка на истражувањето. Воведниот дел на докторскиот труд е во функција на запознавање со актуелноста на темата, потребата од истражување од ваков тип, како и мотивите за определба за изработка на трудот.

Во првиот дел, насловен како *Човечкиот капитал и економскиот раст и развој,* третирани се сите сегменти од теоретски аспект кои одиграле значајна улога во формирањето на хипотетската рамка. Овој дел започнува со анализа на влијанието на човечкиот капитал врз економскиот раст. Потоа е даден краток преглед на литература која ја обработува оваа проблематика. Во овој

дел се обработени инвестициите во човечки капитал, економските бенефити од човечкиот капитал и стратегии за градење на човечки капитал. Потоа следуваат теориите и верзиите на Индексот на човечки капитал кои се надоградувале во текот на годините. Првиот дел завршува со објаснување на методологијата за мерење на човечки капитал.

Вториот дел го обработува концептот за човечки развој. Тргнувајќи од прегледот на литература, моделите и начините за мерење на човечкиот капитал, во овој дел се презентирани и голем број на примери и статистики за ИЧР како за Република Северна Македонија така и за земјите од Западен Балкан. Изработени се и компаративни анализи во кои може да се види напредокот на РСМ во однос на соседните земји, но и заостанувањето од земјите од ЕУ.

Во третиот дел даден е краток историски осврт на процесот на транзиција низ кој помина Република Северна Македонија, како тоа се одрази на економската состојба во државата и низ кои реформи помина во постконфликтната ера. Финансиската криза во 2007-2008 година е исто така опфатена во овој дел. Секако, последиците од кризата во 2008 година и недостатокот на стратегии за развој на РСМ се анализирани со цел да се дадат препораки за зголемување на продуктивноста и приближување кон Западен Балкан.

Во четвртиот дел разработена е хипотетска рамка во која генералната хипотеза е развиена во три посебни хипотези. Прецизноста на овој дел оди до таму што секоја хипотеза ќе биде поделена на варијабли, а ќе бидат наведени и индикаторите врз база на кои се докажуваат варијаблите, а со тоа и самите хипотези во интерес на потврдување или отфрлање на претпоставките поставени во истражувањето. Тука е дадена анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето на ефектите од развојот на човечкиот капитал врз економскиот раст во Република Северна Македонија. Во овој дел е даден изборот на променливите кои се составен дел на економетриската анализа за докажување на поставените хипотези.

Консултираната теорија тука ги објаснува најважните променливи и нивната насока на делување. Во истражувањето користени се податоци добиени од секундарни извори, кои се протегаат во временски интервал од 2000-2019

година. За остварување на основната цел, евалуација на ефектите на човечкиот капитал врз економскиот раст користени се повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат индексот на човечки капитал (зависни променливи) и бруто домашниот производ (независна променлива). Анализа, толкување и интерпретација е дадена за сите добиени резултати во текот на истражувањето.

За визуелизација на истите има и поддршка од хистограмско прикажување на податоците. Следниот поддел се занимава со коментари и насоки кон кои укажуваат добиените резултати. Во овој дел резултатите се групирани во интерес на добивање сознанија за секоја посебна варијабла која во претходниот дел на трудот произлегоа од хипотетската рамка на истражувањето, а со тоа и во интерес на докажување на поставените хипотези. Овој дел исто така изобилува со хистограми.

Во заклучниот дел на докторскиот труд ќе бидат истакнати сознанијата до кои се дојде со спроведеното истражување и тоа како генерално согледување, но и расчленето по сегментите на истражувањето, односно заклучоците на кои укажуваат посебните и поединечните хипотези со нивните варијабли.

На крајот на докторскиот труд, како што прилега, презентиран е попис на странска и домашна библиографија користена при создавање на докторскиот труд.

Во прилог на трудот во целост сместени се истражувачките инструменти кои се користени во текот на истражувањето, како и табеларен приказ на добиени конечни резултати во секој дел на истражувачката постапка. Табеларен приказ е прикажан и за групирани податоци во интерес на докажување на варијаблите, а со тоа и на хипотезите.

ДЕЛ 1

Човечкиот капитал и економскиот раст

1. Дефинирање на економскиот раст и развој

Зошто растат економиите? Додека сите сме живееле во периодични рецесии и забавување на економијата, малку луѓе во развиените земји денес знаат дека некогаш постоеле времиња кога економијата не растела така брзо. Ако тоа го погледнеме од наша перспектива, тоа значи дека повеќето од нас заработуваат повеќе отколку што заработувале нашите родители, но и дека очекуваме нашите деца да заработуваат повеќе од нас. Економскиот раст, понекогаш се чини дека е незапирлив, а сепак нема закон што вели дека економиите треба да растат. Тие може да мируваат, па дури и се случувало, со децении или векови. Во последно време, темпото на раст е значително различно од земја до земја и од деценија во деценија. За околу 30 години по крајот на Втората светска војна, западна Европа се приближи кон стеснување на економскиот јаз со Соединетите држави. Тој процес е запрен во раните 1980-ти, кога Европа започна да заостанува од САД. Последниве години, иако кинеската економија расте со годишна стапка од околу 8%, нивоата на задоволството на граѓаните не се зголемуваат подеднакво. Но, постојат огромни разлики помеѓу економии на модерните градови на крајбрежјето и на оние најоддалечени градови на западна Кина.

Зошто некои економии растат побрзо од другите?

Тоа прашањето е во јадрото на економијата и всушност е причината зошто економијата е во основата на современиот живот. Без разлика дали е тоа заради човечката алчност за материјални добра или заради нашата желба да создадеме подобар свет со добри училишта и болници за сите, повеќето од нас сакаат да гледаат како земјата во која живеат се обидува (како и самите ние) да стане побогата.

Многу децении, нивото на развој на една земја се мереше само според нејзиниот економски раст. Ова значеше дека колку е поголема економијата на земјата, толку е поголемо нивото на раст, иако овој раст навистина не значеше многу промени во животот на повеќето луѓе. Идејата дека квалитетот на животот што го уживаат луѓето во една земја, можностите што ги имаат и слободите што ги уживаат, се важни аспекти на развојот, не е нова.

Имајќи предвид дека економскиот развој претставува само еден процес од комплексниот систем наречен човечки развој, произлегува дека економскиот развој неминовно води до човечки развој и квалитет на живот (Osberg & Sharpe, 2003). Оттука, човечкиот развој, или подобрувањето на квалитетот на животот на луѓето е главна цел на економскиот развој (Hayami & Godo, 2005; Kanbur, 2003). Во таа насока, постигнатиот степен на економски и човечки развој може да се измери и прикаже преку различни индикатори (Cypher & Dietz, 2009; Grabowski et al, 2007; Soubbotina, 2004; Todaro & Smith, 2009).

Економскиот раст е важен фактор во економскиот развој на една земја. Постојат низа фактори кои можат да го зголемат економскиот раст, имено човечкиот развој. Нивото на човечки развој во една земја е низа според вредноста на Индексот за човечки развој (HDI). Стапката на раст на една земја се појавува во вредноста на Бруто домашниот производ (БДП) по глава на жител. Влијанието на човечките енергетски ресурси е прикажано во вредноста на HDI што е во состојба да влијае на нивото на економски раст на вредноста на неговиот БДП (Elistia & Syahzuni, 2018).

Неопходноста да се одржи економскиот раст и да се подобри неговиот квалитет во глобализацијата бара преструктуирање на меѓународните и националните економии што може да им обезбеди поголема стабилност и конкурентност. Транзицијата од традиционална економија, која се базира на продуктивен процес, во економија на знаење, која ги користи идеите и иновациите како движечка сила, бара да се зголеми човечкиот потенцијал. Целта на одржување и зголемување на стандардот на благосостојба зависи од интелектуалните способности за време на самостојно насочено образование како и од подготвеноста на вработените да го користат насобраниот потенцијал во нивната професионална активност. (Perepelkin, Perepelkina & Morozova, 2016).

Додека економскиот раст и економскиот развој звучат како многу слични термини, тие всушност дефинираат два различни концепти во светот на економијата. Додека и двата имаат свои сличности, разликите помеѓу економскиот раст наспроти економскиот развој се важни за да се забележат, бидејќи двата концепта се особено важни за да влијаат на промените во

економијата. Иако и двете може да доведат до слични резултати, нивните цели и методи на мерење се разликуваат многу.

Економскиот раст е мерење на зголемувањето на аутпутот на една економија. Овие квантитативни промени се мерат во конечни термини со користење на процентуалниот пораст на бруто домашниот производ на земјата. Економскиот раст обично не ги зема предвид факторите кои не се дел од формалната економија.

Економскиот развој се фокусира на зголемување на нематеријалните резултати, како што се системските промени, стандардот на живеење и целокупната самодоверба во економијата, што укажува на нагорно движење на целиот општествен систем. Економскиот развој може да го измери зголемувањето на колективниот морал на заедницата или нивното чувство за тоа што е правилно и погрешно или што е добро или лошо. Развојот, исто така, може да се фокусира на одредени сектори на економијата, како што се здравството, конзерваторизмот или образованието.

Опсегот на економскиот развој е далеку поширок од оној на економскиот раст. Економскиот раст ја мери формалната економија во многу квантитативни услови и во видливи резултати, главно фокусирајќи се на БДП и на севкупниот аутпут. Економскиот развој се фокусира на нематеријални промени за да обезбеди квалитативни резултати, што пак ќе доведе до квантитативни резултати. Ваквите мерки преземени за развој вклучуваат Индекс на човечки развој (ИЧР), Индекс на човечка сиромаштија (ИСР), индекс поврзан со полот (ГДИ), стапка на писменост на една заедница, стапки на очекуваниот животен век, стапки на смртност на доенчиња и други.

Економскиот раст не се занимава со одржливост, ниту пак гледа во исцрпување на природните ресурси што може да доведе до негативни резултати за економијата, како што се загадување или болести. Развојот се фокусира на одржување на одржлив регион и ќе ги разгледа симптомите на исцрпените ресурси, обидувајќи се да се поправи кога е можно.

Економскиот раст не ги зема предвид елементите на моралот. Недокументираната економска активност од нешта како што се црните пазари не е фактор за раст. Додека економскиот развој не работи активно за да ја спречи неформалната економија, активностите што ги спроведува развојот (вклучувајќи го развојот на квалитетот на животот и намалувањето на бројките за нееднаквост) имаат тенденција да ја зголемат формалната економија доволно за да може неформалната економија да го намали нејзиното влијание.

Работата што ја врши економскиот развој ќе доведе до многу квалитативни промени во една економија, кои со тек на време ќе имаат влијание врз севкупниот аутпут. Позитивната промена во економскиот развој може да доведе до економски раст, што доведува до директна врска меѓу двете. Економскиот раст може да се гледа како сеопфатна цел на економскиот развој, иако развојот има голем број специфични точки до кои треба да се дојде до прво.

1.1. Моделот на економски раст (Solow Model)

Роберт Солоу ја развил неокласичната теорија за економски раст и ја добил Нобеловата награда за економија во 1987 година. Тој дал огромен придонес за нашето разбирање за факторите што ја одредуваат стапката на економски раст за различни земји. Нобеловецот, го креирал овој модел во 1956 година. Солоу бил првиот кој развил модел за раст со различни квалитети на капитал. Идејата зад моделот на Солоу е дека новиот капитал е повреден отколку стариот капитал, бидејќи новиот капитал е произведен преку позната технологија. Во рамките на ограничувањата на моделот на Солоу, оваа позната технологија се претпоставува дека постојано се подобрува. Подоцна, производите на оваа технологија (новиот капитал) се очекува да бидат попродуктивни, како и повредни (Haines & Nawaz, 2006). Тој се фокусирал на една димензија по која земјите може да се разликуваат едни од други или може да се менуваат со текот на времето, бидејќи производната функција ја објаснува врската помеѓу капиталот по работник и производството по работник. Овој модел исто така се нарекува модел на економски раст на Солоу, кој е составен од акумулација на капитал, кој е воден од две сили кои инвестираат

како машина, компјутер и градење на нов капитал, со текот на времето, оваа акумулација се нарекува ендоген Солоу модел. Тоа значи дека егзогените променливи се претвориле во ендогени променливи, што дава јасна идеја за развој на технологија и акумулација на капитал со текот на времето. Претпоставката дека ако инвестираме повеќе капитал по глава на жител, резултатот ќе биде поголем по глава на жител, како резултат на внесот на технологијата кој ја зголемува повеќе производноста. Така, акумулацијата на капитал на работната сила придонесува за економски раст на краток рок заради намалениот маргинален принос (Weil, 2013).

Излезот по работник ќе зависи од стапката на инвестиција на една земја. Ако една земја има поголема стапка на инвестиција, таа има повисоко ниво на производство на стабилна состојба. Овој модел е теорија за разлики во приходите. Според моделот, земјите постепено ќе се движат кон нивната стабилна состојба со текот на времето, но некои ставови се дека земјите не ја достигнуваат својата стабилна состојба поради тоа што акциите на капиталот во земјата биле уништени од различни причини, како што се граѓанска војна, земјотреси, природни непогоди. Конвергенција кон стабилна состојба е процес што опишува дека производството на една земја по работник ќе расте или ќе се намали од почетната точка кон нивото на стабилна состојба утврдено со стапката на инвестиција.

Постојат три основни предвидувања:

1. „Ако две земји имаат иста стапка на инвестиција, но различно ниво на приход, земјата со помал приход ќе има поголем раст“.

2. „Ако земјите имаат исто ниво на приход, но различни стапки на инвестиции, тогаш земјата со поголема стапка на инвестиција ќе има поголем раст“.

3.„Земја што го подигнува своето ниво на инвестиции ќе доживее зголемување на стапката на раст на приходот“.

Во случајот на образованието, моделот Солоу претпоставува дека ако две земји се разликуваат во нивото на инвестирање во образованието, но имаат еднакво ниво на приход, тогаш земјата со известиции за високо образование ќе

расте побрзо. Покрај тоа, овој модел предвидува земја што одеднаш го подигнува нивото на инвестиции на образованието ќе доживее брз раст додека се движи кон своето ново ниво на приход во стабилна состојба (Weil, 2013).

Под лидерската палка на Јосип Броз Тито, СФРЈ иако била идеолошки и политички врзана со Советскиот Сојуз, по Втората светска војна почнала да гради специфичната политичка идеологија. Титоизам е новата комунистичка идеологија наречена според југословенскиот водач, кој тргнал по својот пат на социјализмот, а целта била Југославија да ги достигне своите цели независно од Советскиот Сојуз. Од 50-тите години на минатиот век, Југославија донесе реформи за децентрализација на политичката и економската моќ. Раководството остана во рамките на Комунистичката партија и воведе политика на само-управување, која подоцна беше вградена како политичка норма во Устав од 1974 година. За разлика од државната сопственост, моделот на самоуправување се засноваше врз социјална сопственост на претпријатија и вклучување на работниците во управувањето. Сепак, власта ја држеа партиските елити во републиките (Malešević 2000).

Крајот на Студената војна прилично драстично го промени меѓународниот систем и неговата рамнотежа на силите. Иако Студената војна донесе многу кризи во западниот и комунистичкиот блок и во третиот свет, таа создаде многу стабилна поделба на моќта во Европа. И СССР и САД формираа конкурентски блокови, НАТО и Варшавскиот пакт, за да се балансираат меѓусебно и да вршат контрола над својата половина од Европа.

Во оваа добро избалансирана геополитичка средина, стратешкото позиционирање на Југославија во контекстот „Студена војна“, сепак, ја направи важен сојузник. Таа одигра суштинска улога. Географска положба и овозможи да служи како тампон помеѓу двата спротивставени блока. Југославија беше социјалистичка држава, но не застана на страната на ниту една од суперсилите. Исто така воспостави трговски и други односи со западните сили, притоа задржувајќи ја својата независност, следејќи ги бескомпромисните марксистичко-ленинистички принципи, притоа одбивајќи да се приклучи на Северноатлантската организација (НАТО) и играјќи важна улога во Движењето на неврзаните. Поради својот многу популарен водач, Маршал Броз Тито, и неговата политичка свесност, Југославија можеше да ја одржи својата независност и, во исто време, да ги искористи придобивките од жестоката конкуренција меѓу двата блока. Добро е познат придонесот на Југославија за стабилноста на Студената војна особено преку способноста на Тито да ги убеди аутсајдерите дека тој ефективно ги решил меѓуетничките тензии во неговата земја.

Помеѓу 1951 и 1959 година, Југославија беше сведок на прилив од милијарда американски долари во однос на странска помош, дополнителни 274 милиони американски долари воена помош, како и 219 милиони американски долари на подолги кредити и грантови од други западни влади (Bojicic, 2014).

Приливот на средства резултираше со импресивна годишна стапка на раст од 8,6 процентни поени помеѓу 1953 и 1964 година, иако многу реални показатели за раст, како што се продуктивноста на трудот и земјоделското и индустриското производство, не се претставија добро, па дури и стагнираа или опаднаа по 1965 година (Bojicic, 2000).

Финансиското задолжување е еден од најголемите фактори кои придонесоа за должничката криза во осумдесеттите години на минатиот век. Во тој период економската состојба се влоши со ниска просечна стапка на раст (0,5 проценти годишно), намалување на продуктивноста на трудот и инвестициите, годишна стапка на инфлација од 108,7 проценти и зголемување на меѓународниот долг (Bojicic, 2014).

Напнатоста во системот се зголемување правопропорционално со зголемувањето на невработеноста. Само како илустрација, стапката на невработеност во 1982 година во тогашна Македонија, како дел од СФРЈ била 27,7%, година кога системот и официјално влезе во криза. Впечатокот кој денешните млади го имаат за Југославија, дека добро се живееле и работело, статистичките податоци го негираат (со исклучок на Словенија и Хрватска). Проблемот со невработеноста постои многу порано од 1991 година, десетина години наназад во 1981 стапката на невработеност била 28%. Во поранешна Социјалистичка Република Македонија, стапката на невработеност се зголемува дури во 1989 и 1990 година на 21,9% и 22,9 %. Во тој период невработеноста значела и исклученост од полноправно членство во општеството- стекнување на статус на лица од втора класа.

Со исклучок на Албанија, сите земји од Југославија, ја искусија горчливоста на товарот од надворешниот долг, кој достигна 17 милиони долари во 1980 година. За многу млади родени во 1970тите години, тоа значеше живот во една постојана финансиска криза. Истражувањата на светска банка за економските и должничките кризи на Балканот, укажуваат дека во периодот после 1980 година, Југославија започна со многу реформи за решавање на кризата. Овие реформи вклучуваат зголемување на кредити и плати (индексирање); употребата на законите за стечај за да се затворат економски неефикасните претпријатија; измени во законот за банки, според кои републиките треба да депонираат странски приходи во Народната банка (Murgasova et al, 2014).

Со реализација и имплементација на реформите, се намали невработеноста и постигна некаков баланс, па во 1988 година, владата почна да разговара и преговара со приватни доверители. Под влијание на Светска Банка и на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Југославија почна со ликвидација на фирми кои експерти од банката предложија да се ликвидираат неефикасните претпријатија (со цел да се намали домашната побарувачка за кредит); да се наметне финансиска дисциплина со елиминирање на врските за сопственост и управување меѓу банки и должници (самостојните претпријатија беа основачи на банките и нивните должници); да ги докапитализираат банките (со јавни ресурси); и да ги преструктуираат претпријатијата, како „сегашната структура не е погодна за подвижноста на капиталот“ (De Rezende Rocha, 1991).

Реформите не беа одобрени од народот кој својот револт го искажа на протести. Дури и Словенија и Хрватска, како земји со најповолна позиција од повеќе аспекти: најдобра геостратешка позиција до ЕУ, највисок БДП и најниски стапки на невработеност од сите земји во СФРЈ, не се согласија со предлозите и решија цврство да се спротивстават на барањата на СБ и ММФ. Конфликтот околу шок-терапијата на ММФ / Светска банка 1989/90 со реформи за стабилизирање на јавните финансии и долгови и да се даде поголема моќ на Народната банка и федералната влада станаа еден од предизвикувачите на распаѓање во 90-тите години на минатиот век.

После смртта на Јосип Броз Тито во мај 1980 година, започнаа барањата за поголема автономија и независност. Во тој период, немаше личност со авторитет како лидерот Тито кој би можел да ја извади земјата од криза. Секако покрај економските проблеми, започнале да оживуваат и републичките национализми. Па така, се повеќе се затегнуваа односите помеѓу републиките и секоја територија имаше свои барања за национално врамување по групи и републики, при што се децентрализираа реформите давајќи поголема политичка моќ на републиките. 1990-тите биле сведоци на таканаречените југословенски војни, за време на кои Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија беа изложени на насилни конфликти и воени интервенции. Овие земји искусија, меѓу другите проблеми, загуба на животи, уништување на средства за живот и инфраструктура, граѓански немири и миграција.

1.2. Реформи во постконфликтна ера

Преминот од социјализам во демократија честопати беше прикажуван во западните медиуми како потег од авторитаризам, сиромаштија и беда кон богатство. Како реакција на ситуацијата во СФРЈ, ОБСЕ во 1992 создаде една нова функција наречена „Висок комесар за национални малцинства“. Целта на оваа функција беше да служи како инструмент за спречување на конфликти во најрани фази, стравувајќи дека кризата во Југославија може да се повтори и на други места во Европа. Секако преминот од социјализам во демократија, во земјите во транзиција, би можел да го доведе во прашање и мирот и

стабилноста, па на состанокот во 1990 на кој беа вклучени Маргарет Тачер и Џорџ Буш и другите западни лидери освојувајќи ја Париската повелба за Нова Европа, објави крај на „ерата на конфронтација и поделба на Европа“ (OSCE 1990).

Распуштањето на Југославија ги остави земјите наследнички со наследен долг од 15988 милиони американски долари да бидат распределени меѓу републиките наследници.

Табела 12 Долгот на земјите од СФРЈ во милиони долари на крајот на 1991 година
Table 12 The debt of the SFRY countries in millions of dollars at the end of 1991

Долгот на земјите од СФРЈ во милиони долари на крајот на 1991 година The debt of the SFRY countries in millions of dollars at the end of 1991							
	ММФ / IMF	СБ / WB	Друг мулти-латерен долг / Other multilateral debt	Билате-рален долг / Bilateral debt	Комерци-јален долг / Commercial debt	Приватен долго-рочен долг / Private long-term debt	Тотален долго-рочен долг / Total long-term debt
Босна / Bosnia		450	100	415	643	317	1925
Хрватска / Croatia		169	130	660	880	325	2164
Македонија / Macedonia		157	78	210	195	210	850
Словенија / Slovenia		147	378	358	466	408	1757
Србија и Црна Гора / Serbia and Montenegro		1212	272	1509	1142	1366	5501
Распределен / Allocated		2135	958	3152	3200	2760	12205
Нераспределен / Unallocated	683			1000	1000	1100	3783
Тотал / Total	683	2135	958	4152	4200	3860	15988

Извор: Cvikl and Mark, “World Bank International Document – Formal Yugoslavia’s Debt Apportionment”, June 1996

Додека 50,4 проценти од овој долг беше должен на трговските институции, останатите носители на долгови беа Светска банка, ММФ и 15 држави кои и позајмија средства на Југославија. До крајот на 1991 година, СФРЈ имаше долг кон ММФ од 683 милиони долари, нераспределен долг и 2,4 билијарди на

распределен долг. Највисок долг кон засегнатите страни имаа Србија и Црна Гора од 5501 милиони долари, Македонија, како најсиромашна од шесте републики, соочени со изгубените внатрешни пазари и негативните ефекти на ОН економските санкции, и речиси без девизни резерви, паднаа во значителни долгови на нејзиниот долг од околу 850 милиони американски долари. Заостанатите долгови се појавија во однос на сите нејзини доверители освен ММФ и достигна речиси 300 милиони американски долари на крајот на 1993 година, од кои 107 милиони американски долари беа на IBRD.

Владата на РСМ го фокусираше вниманието на економските прашања, вклучително и нормализирањето на надворешните финансиски односи. Владата е посветена на нормализирање на финансиските односи со сите доверители и има слична позиција во однос на распределбата на доделениот и нераспределениот долг како и Словенија и Хрватска. Меѓутоа, бидејќи Македонија беше прогласена за подобна за ИДА, таа се надеваше на поволни услови на репрограмирање на долгот со парискиот клуб и со комерцијалните банки.

Сите земји од СФРЈ, вршеа уплати до септември 1992 година, па во декември истата година Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) потврди дека Југославија се распадна и ги прогласи петте земји за еднакви наследнички на долговите и процентуално ги подели истите на следниов начин: Словенија 16,39%, Босна 13,20%, Македонија 5,4 %, Хрватска 28,49% и Србија и Црна Гора 35,52% (Stanic, 2001). До 2014 година, надворешниот долг на Балканската петорка се зголеми за четири пати и достигна 55,4 милиони американски долари (World Bank, 2014).

Критериумите за сите кандидати и потенцијални кандидати договорени од Европскиот совет на Самитот во Копенхаген во 1993 година вклучуваат „постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет да се справат со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на Унијата; способност да ги преземат обврските за членство, вклучително и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија“ (Европски совет 1993). Кон крајот на 90-тите години, прекинувањето на конфликтот ја отвори можноста за пристапување кон ЕУ и ја унапреди имплементацијата на

структурните реформи на Западен Балкан во согласност со создавање на слободна пазарна економија, вклучително и отворање на нивните економии кон глобалната трговија и преземање мерки за унапредување на приватното претпријатие и извозното производство и отстранување на рестриктивните регулативи (Murgasova et al, 2015).

Процесот на стабилизација на Балканот ја постави и рамката за пристапување во ЕУ. Европските фондови во тој период беа насочувани кон релевантни проекти, само доколку Европската комисија направеше проценка дека има напредок според воведените критериуми и приоритети и секако го водеше целиот процес преку насоки за подобрување на истиот. Соработката помеѓу ММФ и Европската комисија се интензивираше за време на процесот на стабилизација на Западен Балкан. Оваа соработка беше институционализирана преку разни иницијативи, како што е Заедничката канцеларија за координација основана од Комисијата и Светска банка, за координација на помошта од донаторите.

Процесот за пристап во ЕУ за Република Северна Македонија започна со потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Македонија и Европската унија во 2001 година. Откако Македонија стана членка на Светската трговска асоцијација. Македонија ги отвори своите граници за странска конкуренција. Оваа отвореност беше предуслов за низата обврски и одредници од суштинско значење за исполнување на основните услови за полноправно членство во Европската унија. Македонија доби статус на кандидат за членство во Европската унија во 2005 година. Во октомври 2009 година, Европската комисија препорача Македонија да започне процес на преговори за полноправно членство, откако ќе исполни одреден број услови, вклучително и решавање на „проблемот со името“ со Република на Грција. Препораката беше повторена во извештајот на Европската комисија од октомври 2011 година (European Commission, 2011).

Една од програмите за управување со јавните финансии е „Зајакнување на економското управување и управување со јавните финансии во Југо-источна Европа“, програма финансирана од ЕУ и ММФ во шесте земји од Западен Балкан. Во 2013 година беа наметнати уште построги барања и услови за

потенцијалните кандидати од Западен Балкан кон Европската унија. Од земјите кандидати се бараше да ги подготват истите планови за национални економски реформи, планови за конкурентност и раст и планови за управување со јавни финансии како сите земји-членки. Ефективната имплементација на планот за управување со јавните финансии е предуслов за поддршка на буџетот.

2. Патот на Северна Република Македонија до независноста

Северна Македонија помина долг пат од независноста во 1991 година и постигна извонредни успеси во одредени области. Како кандидат за ЕУ од 2005 година, напредокот на Северна Македонија кон членството во ЕУ е во застој многу години, но во април 2018 година, Европската комисија откако препозна значителен напредок во реформите и во подобрувањето на односите со регионалните соседи, препорача отворање на преговорите за пристапување во ЕУ со Северна Македонија. Европскиот совет, во јуни 2018 година, го одреди патот кон отворање на пристапните преговори, а во јуни 2019 година во очекување на натамошен напредок. Политичката криза што ја зафати земјата до средината на 2017 година негативно влијаеше на економскиот напредок и придонесе за општа стагнација и запирање на економскиот раст. Воспоставувањето на новата прореформска влада во летото 2017 година придонесе за подобрување на расположението на инвеститорите, кое доби дополнителен поттик по влегувањето во сила на почетокот на 2019 година на договорот со Грција за стратешко партнерство и резолуцијата на спорот поврзан со името. Економскиот раст повторно се зголеми во 2018 година и краткорочните економски изгледи се разумно светли.

Понатамошното достигнување на животниот стандард на ЕУ ќе зависи од поттикнувањето на продуктивноста и инвестициите. Приватниот сектор во Северна Македонија сè уште се соочува со низа пречки за водење бизнис, и покрај силните перформанси на земјата во рангирањето на Светската банка за леснотија за водење бизнис.

Некои од главните проблеми со кои се соочуваат претпријатијата во земјата се голема неформална економија и неправеден товар што го става на

легитимниот бизнис, што ги илустрира проблемите со слабите нивоа на управување и спроведувањето на регулативите. Спроведувањето на политиката на конкуренција е слаба и административниот капацитет во оваа област треба да се подобри. Недостаток на пристап до финансии е исто така проблем за многу фирми, особено затоа што небанкарските извори на финансии се во голема мера неразвиени. Проблемите со снабдувањето со електрична енергија рефлектираат поширок тешкотии при развивање на одржлива мешавина на енергија и подобрување на ефикасноста на ресурсите. Недостаток на вештини и релативна недоволна изведба на тестовите за меѓу-кантри образование укажуваат на сериозен проблем на погрешно усогласување на пазарот на трудот и придонесуваат за многу високи нивоа на невработеност кај младите и емиграција. Другите области што треба да се решат вклучуваат корупција, прекумерно искористување на ниво на фирма и слаб квалитет на одредени јавни институции.

Северна Македонија постигна значителен напредок кон одржлива пазарна економија, но има уште за работа. Просечната оценка на ЕБОР за оценување на квалитетот на транзицијата (ATQ) за шесте квалитети за Северна Македонија е 5,6, на скала од 1 до 10. Земјата има најниски оценки во зелените и инклузивните квалитети (оценки 4,9 и 5,6 соодветно). Во областите на интегрирани, конкурентни и добро управувани квалитети, Северна Македонија има приближно еднаква или поголема оценка од „просечната земја на ЕБОР“, додека во трите други квалитети, зелена, инклузивна и еластична, заостанува. Исто така, земјата генерално е пред своите соседи на Западен Балкан, со исклучок на зелените и еластични квалитети каде земјата дава резултати во согласност со регионалниот просек. Сепак, Северна Македонија заостанува во сите квалитети кога ќе се спореди со земји во 11-те земји-членки на ЕУ од централна, источна и југоисточна Европа (ЕУ-11).

Северна Македонија доживеа најниска стапка на раст на БДП во последните 15 години меѓу земјите од Западен Балкан. Просечен економски раст во Северна Македонија во периодот 2001 - 2019 година беше 2,8 проценти, во споредба со 1,4 проценти во ЕУ, што укажува на тоа дека Северна Македонија постепен се обидувала да го достигне животниот стандард на ЕУ. Покрај тоа, земјата исто

така искуси најниската просечна стапка на раст во регионот за време на бумот на периодот пред кризата 2001-2008 година, од само 3,4 проценти. (слика 9)

Слика 9 Стапка на раст на БДП 2001-2019
Figure 9 GDP Growth rate 2001-2019
Извор: Светска банка, калкулации на авторот

Посткризниот период од 2009-2016 година се карактеризираше со двојно намалена рецесија. Првиот пад на БДП беше во 2009 година, од само 0,4 проценти, по светската финансиска криза, и вториот од 0,5 проценти во 2012 година, по должничката криза во еврозоната. Потоа, земјата доживеа три релативно добри години, со просечна стапка на раст од 3,5 проценти, помогнато од зголемувањето на приватната потрошувачка и јавните инвестиции.

Растот забави на занемарливи нивоа во 2017 година, главно, поради политичката криза. Продолжената политичка криза, која започна во 2015 година, но ескалираше во првото полугодие од 2017 година, се одрази на земјата економски перформанси имајќи негативно влијание врз довербата и инвестициите. Економијата беше во рецесија во првата половина од годината, но малку се опорави во полугодие, оставајќи го растот за целата година скоро на нула проценти. Продолжената криза во текот на неколку години одеднаш точка ја загрози стабилноста на локалната валута во однос на еврото, а централната банка мораше да реагира на валутните притисоци во текот на 2016 година со зголемување на стапката на полиси на 4 проценти. Сепак, во февруари 2017 година, централната банка ја намали стапката на својата

долгорочна стапка од 3,25 проценти. Понатамошни намалувања продолжи во 2018 година до сегашната стапка од 2,5 проценти.

Растот останаа умерен на краток рок. Закрепнувањето започна во 2018 година, помогнато од политичката стабилност и влијанието на зголемувањето на минималната плата и другите мерки на социјална заштита врз приватната потрошувачка. Растот на БДП за годината се проценува на 2 проценти. Се очекува кредитот за економијата да расте понатаму бидејќи условите за позајмување се олеснуваат во услови на прилагодлива монетарна политика. На краток рок се очекува натамошен пораст на извозот во светло на зајакнувањето на економските изгледи во ЕУ, клучниот трговски партнер на земјата. Како резултатна тоа, растот во 2019 година е 3 проценти, како што и беше претпоставката за континуирана политичка стабилност, деблокада на натамошните реформи и пристигнување на многу потребни инвестиции, со слична или дури и малку поголема стапка во следните години. Сепак, ризиците остануваат значителни и расположението на инвеститорите може да се влоши доколку се појави политичка несигурност.

3. Турбуленции во глобалниот финансиски систем и Големата Ррецесија

Турбуленциите во глобалниот финансиски систем во 2007 и 2008 година, уште познати како Големата рецесија или финансиска криза беа предизвикани од намалувањето на ликвидноста на банкарскиот систем во САД. Голем број на финансиски институции колабираа, финансискиот систем доживеа крах, имаше голем пад на берзанските пазари низ светот, пропаднаа бројни бизниси, се намали потрошувачката моќ, огромни загуби во тргувањето со хартии од вредност и комплетен пад на светската економија.

Кризата не ја одмина ни Европа која беше лошо погодена, особена земјите од Западен Балкан, кои низ процесот на европеизација го воведоа еврото како официјално правно средство за пари, или ја поврзаа локалната валута со еврото. Еврото беше усвоено како официјален тендер на Црна Гора и Косово (без дозвола на Европската централна банка), додека валутите на Босна и

Херцеговина, Хрватска и Македонија беа поврзани или врзани за еврото. Овој процес беше стимулиран не само од несигурноста на војната и инфлацијата во 90-тите години на минатиот век, туку и од обемната миграција од регионот кон Европа, како и од интеграцијата во ЕУ процес со очекување дека, по достигнувањето на полноправно членство, еврото ќе биде единствената валута.

Влијанието на рецесијата беше најбрзо почувствувано во поразвиените земји, за разлика од економиите во земјите од Западен Балкан. Иако имаше олеснувања за локалните банки, ефектот од кризата беше почувствуван преку трговијата со земјите од Европа, каде што за разлика од минатиот период пред кризата, сега институциите ги замрзнаа или намалија кредитите, со што земјите од Западен Балкан беа изложени на ризик. Со тоа економските проблеми се зголемуваа, а побарувачката и потрошувачката на домашниот пазар, рапидно се намалуваше. Ова, меѓу другите, влијаеше на продуктивните сектори и се одрази во стагнација и пад на растот на БДП од 2008-2009 година наваму (Shera, 2015).

Најголемата последица од глобалната криза во 2007ма година беше забавувањето на растот кој доведе до зголемена невработеност и сиромаштија. Веќе од 2009, Западен Балкан се потпираше на заемите на ММФ. Загриженоста за одржливоста на долгот беше честопати по цена на утврдените социјални права. Работниот документ на ММФ за јавниот долг на Западен Балкан забележа дека социјалните трошоци и, особено, трошоците за пензии претставуваат закана за одржливоста на долгот, препорачувајќи намалување на јавните трошоци (и подобрувања во наплатата на приходите) (Koczan, 2016)

Меѓународната заедница вршеше притисок за да се спречат грешките во периодот после кризата и да се спроведат реформите ориентирани кон пазарот во јавниот сектор, особено во здравствената заштита, образованието и пазарот на трудот.

Помеѓу 2008 и 2012 година, ММФ за заемите на Србија и Босна и Херцеговина им постави слични услови со кои се бараше земјите да преземат „сеопфатни реформи на придобивките засновани на права кои се императив и за среднорочната фискална одржливост и за подобрувањето на

функционирањето на пазарите на трудот“ (IMF, 2012). Следејќи го патот на европеизација, Хрватска успеа во 2008ма година да има поголем економски раст и подобар животен стандард (Franičevič, 2013).

3.1 Последици од финансиската криза за економијата на РСМ

Република Македонија беше една од најсиромашните републики во поранешна Југославија и денес е една од најсиромашните земји во Европа. БДП по глава на жител во смисла на паритетот на куповната моќ е околу една четвртина од европскиот просек. После исклучително неповолен период од 1995 до 1998 година и постконфликтот во периодот од 2001-2004 година, стапката на раст на БДП во Македонија започна да се зголемува. 4,6 проценти во 2004 година, 4,4 проценти во 2005 година, 5,0 проценти во 2006 година, 6,1 проценти во 2007 година и 5,0 проценти во 2008 година (Државен завод за статистика, 2011). Сепак, во 2009 година, како последица на светските економски кризи, БДП стапката на раст се претвори во негативна. -1,1 процент во 2009 година и 1,8 проценти во 2010 година. Во 2011 година растот на БДП остана силен (2,3 проценти годишно во РМ) четврт квартал) (Државен завод за статистика, 2011).

Глобалната финансиска криза имаше значително влијание врз македонската стапка на раст во 2009 година. Македонскиот БДП, сметан за паритет на куповната моќ по глава на жител, во 2006 година достигна 28 проценти од куповната моќ по глава на жител во Европската унија (ЕУ-27), 31 проценти од словенечката, 54% од хрватската, 76,7% од бугарската и 72,5% од романската. Куповната моќ во Македонија и Турција беше помала за околу една четвртина од најниските вредности на земјите од Европската унија (Eurostat, 2008). Податоци за БДП по глава на жител покажуваат дека Македонија достигна 36 проценти од европскиот просек во 2010 година (Eurostat, 2011), што е малку подобро од Албанија (28 проценти), Босна и Херцеговина (31 процент) и Србија (35 проценти). Тоа е првенствено резултат на исклучително слабиот раст во регионот и намалениот раст во земјите од ЕУ-27 во тој период.

Постојат и исклучително високи регионални разлики. БДП по глава на жител во главниот град Скопје е 50 проценти над националниот просек. Ова е резултат

на големите разлики во инвестициите во инфраструктурата и во приходите помеѓу главниот град и руралните области (European Commission, 2007).

Со законот за реформа на пазарот на труд во 2005 година во Република Северна Македонија беше воведено и флексибилното вработување. Тоа значеше дека се воведуваат измени во договорите за работа односно членови за флексибилност во работењето. Во периодот на владеење на тогашниот премиер, кој претходно беше и министер за финансии, Никола Груевски, овие политики беа интензивирани и зајакнати од неговиот личен став но и притисокот со кој тој ги наметнуваше законите во Република Северна Македонија. Според него, невработеноста можење да се реши со „воспоставување подобри услови за водење бизнис“. Токму поради тоа, беа направени измени во даноците за добивка и личен доход. Законот за намалување на данокот на додадена вредност беше изменет со намалување од 18% на 5%. (интервју, The European Times, 24 март 2015 година).

Иако според официјалните податоци од Заводот за статистика во тој период се покажа пад на стапката на невработеност, сепак според анкети со репрезентативен примерок на испитаници и други квалитативни извори се покажа една сосема поинаква слика. Најидикативен примерок беше истражувањето на лица кои се регистрирани како невработени, но кои на повик на Агенцијата за вработување одбиваат да се јават на огласи за вработување. сепак одбиваат да бидат пријавени. Тоа беше најголем показател дека тие лица сепак заработуваат пари на друго место. Токму поради тоа, Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2012 година, баателите на работа ги подели во две групи: активни барателиа на работа и пасивни барателиа на работа. Активните барателиа на работа секако дека имаа придобивки покрај построги обврски, како на пример редовно да се пријавуваат во агенцијата за вработување, да одат на обуки и тренинзи, да се јавуваат на огласи за работа и да одат на интервјуа. Со воведувањето на новиот режим на работа на Агенцијата, бројот на пасивни барателиа на работа постојано се намалува, додека бројот на активни барателиа на работа се зголемува. Владата го претстави намалувањето на пасивното барање работа и зголемувањето на активното како доказ за успехот на нејзината политика. Сепак, овие бројки можат исто толку добро да се толкуваат како да упатуваат на пораст на де

факто невработеноста. Оваа состојба има неколку импликации поврзани со правата, вклучително и претпочитање на флексибилност над безбедноста на пазарот на трудот; и поткопување на побарувачката за поволни услови за работа за сите привлекувајќи странски инвестиции врз основа на ефективноста на трошоците.

4. Недостаток на стратегии за економски раст на Република Северна Македонија

Ударот кој глобалната економска криза го зададе на малата економија на Република Северна Македонија е неспоредлив со оној на економиите со многу поголем удел во светската трговија. Ваквите мали економии немаа корист од специјализирано производство, бидејќи во светската трговска мрежа може да се има придобивки само преку масовно производство. Исто така, деловните сектори со растечки економии од обем се од витално значење доколку се загарантирани извозна побарувачка (Mughal, 2009).

Македонија како мала земја има релативно ограничена економија. Тоа значи дека е зависна од увоз, кој е диктиран од тековните случувања на меѓународната и глобалната економска сцена. Нееластичната побарувачка за храна и енергија за увоз и текстил и метални производи како извозни капацитети се ограничувачки за државата. Во исто време тоа ја прави државата неконкурентна на светскиот пазар но и зависна од тековните економски услови на глобално ниво. Како резултат на тоа беше и нискиот пад на економијата во Република Северна Македонија кога светот беше погоден од финансиската криза и светските економии доживуваа крах на своите економски системи. Кога удри првиот бран на криза, увозот се сметаше за неопходен за да се создаде нов извозен циклус. Кога стана очигледно дека напорите за извоз се залудни поради воведени поостри мерки за заштита од земјите што беа најголемите меѓународни трговски партнери на Македонија, увозот исто така брзо се намали. Овој пресврт имаше позитивен ефект врз падот на БДП и помогна да се забави одливот на девизните резерви.

Влијанието на светската криза во Република Северна Македонија беше почувствувано на крајот на 2008 година и целосно во 2009 година. Тоа предизвика сериозен пад на заработувачката на буџетот кои покриваат социјални трансфери и имаа силно индиректно влијание врз скоро сите економските показатели (БДП, дефлација, буџетски дефицит, капитални инвестиции, извоз и увоз). Со намалувањето на странските директни инвестиции, индустриите чии производи беа наменети за извоз најмногу ја почувствуваа кризата која се одрази на намалување на бројот на вработените, со што директно учествуваа во зголемувањето на стапката на невработеност.

Растот на БДП беше резултат на побарувачката генерално на домашни производи, а тоа ја наметна потребата од стратегија за зголемување на БДП преку зголемен извоз и инвестиции (особено странски). Недостаток на владина стратегија за долгорочен одржлив раст на БДП имаше сериозно економско влијание и тоа беше само почеток на економските проблеми. Прво, обидот на Владата да ја поистовети малата и слабо развиена економија на РСМ со некои економии на поразвиени европски земји, резултираше со значително зголемување во вкупното ниво на долг на земјата. Иако целта беше преку низа на владини мерки и активности да се зголеми БДП и да дојде до негов континуиран (одржлив раст), производот на овие мерки беше буџетски дефицит. Тоа дополнително ја влоши перцепцијата на народот, кој само ја потврди идејата дека целата економија зависи од Владата на РСМ. Желбата која произлезе како резултат на процесот на транзиција, а тоа беше поголемо учество во приватниот сектор, со овие мерки полека но сигурно исчезна. Ваквите непромислени стратегии на Владата доведоа до зголемување на бројот на работни места, но само во државниот сектор. Приватниот сектор остана непожелен за младите генерации кои својата сигурност ја гледаа под државна капа. Нивната перцепција се промени и ставот на лицата кои бараа работа беше дека близината до партијата на власт е клучот за решавање на проблемите за вработување.

Покрај новата идеологија на младите во РСМ, македонската стапка на невработеност е меѓу највисоките во Европа. Проблемите кои се наметнаа во економијата и политичките ставови кои станаа доминанти од секој аспект на живеењето, имаа свое влијание врз квалитетот на животот.

Табела 13 Релативна сиромаштија во Република Македонија, 2007-2009
Table 13 Relative poverty in the Republic of Macedonia, 2007-2009

Релативна сиромаштија во Република Македонија, 2007-2009 Relative poverty in the Republic of Macedonia, 2007-2009										
70% од медијалните еквивалентни трошоци									70% of median equivalent expenditures	
	2007			2008			2009			
	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочина на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочин а на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочина на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	
	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	
Вкупно	**29.4**	**9.7**	**100.0**	**28.7**	**9.2**	**100.0**	**31.1**	**10.1**	**100.0**	**Total**

Извор: Државен завод за статистика

Се забележува една континуирана нагорна линија во стапката на сиромаштија во РСМ во периодот од 1997 и 2002 година. Мала стабилизација имаше во 2007-ма година на 30% (Mughal, 2009). Според статистиките на Државниот завод за статистика, на табела 13 и 14, може да се види дека стапката на сиромаштија расте од 29,4 во 2007-ма година па се до 30,9 во 2010. Година. Индексот на јазот на сиромаштија беше 9,7 во 2007 година, 9,2 во 2008 година, 10,1 во 2009 година и 10,9 во 2010 година.

Табела 14 Релативна сиромаштија во Република Македонија, 2009-2011
Table 14 Relative poverty in the Republic of Macedonia, 2009-2011

Релативна сиромаштија во Република Македонија, 2009-2011 Relative poverty in the Republic of Macedonia, 2009-2011										
70% од медијалните еквивалентни трошоци									70% of median equivalent expenditures	
	2009			2010			2011			
	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочина на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочина на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	Вкупен збирен индекс	Индекс на длабочина на сиро-маштијата	Структура на сиромаш - ните	
	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	Head Count Index	Poverty Gap Index	Composition of poor	
Вкупно	**31.1**	**10.1**	**100.0**	**30.9**	**10.9**	**100.0**	**30.4**	**9.3**	**100.0**	**Total**

Извор: Државен завод за статистика

Во периодот после 2010-11 година кога има исклучително високо ниво на релативна сиромаштија во РМ од 30,9 во 2010та година и 30,4 во 2011 година, стапката на сиромаштија почнува да опаѓа па така, најниска стапка во периодот од 2012та до 2020та година има од 21,5% во 2015та година.

Табела 15 Стапка на сиромашни лица во период од 2012- 2020
Table 15 At-risk-of-poverty rate, % of population in the period of 2012 to 2020

Стапка на сиромашни лица, % од населението/ At-risk-of-poverty rate, % of population	
2012	26.2
2013	24.2
2014	22.1
2015	21.5
2016	21.9
2017	22.2
2018	21.9
2019	21.6
2020	21.8

Извор: Државен завод за статистика

Сиромаштијата е значајна димензија во квалитетот на животот и нивото на развој, а социјалното исклучување е најистакнат индикатор за човечко лишување. Сиромашните луѓе честопати се исклучени или маргинализирани на пазарот на трудот или во културни и граѓански активности. Стапка на сиромашни или социјално исклучени лица, се пресметува со AROPE индикатор. Овој индикатор го изразува учеството на населението кое или е сиромашно, или сериозно материјално обесправено или, пак, живее во домаќинство со многу низок интензитет на економска активност (ДЗС, 2020). На табела 16, прикажани се стапките на сиромашни или социјално исклучени лица во периодот од 2010та до 2020та година. Во овој период може да се забележи дека највисоки стапки има во 2011 и 2012та година од 50,4% и 50,3%. Тој висок степен постепено опаѓа за да во 2020та година изнесува 39.8%.

Табела 16 Лаекенски индикатори, комбиниран (AROPE) индикатор
Table 16 Laeken indicator, combined (AROPE) indicator

Лаекенски индикатори, комбиниран (AROPE) индикатор	
2010	47.2
2011	50.4
2012	50.3
2013	48.1
2014	43.3
2015	41.6
2016	41.1
2017	41.6
2018	41.1
2019	39.9
2020	39.8

Извор: Матстат, 2021

Лаекенските индикатори, графички се прикажани на слика 10, каде визуелно може да се види подобро високиот тренд во 2011-та година и постепениот благ пад на стапката за сиромаштија. Овие генерално високи стапки на сиромаштија се должат на континуираниот процес на транзиција во Македонија, кој почна во раните 90-ти години и трае уште. Отворањето на нови работни места, како и релативно подобрените услови за живот беа причина стапката на сиромаштија полека да опаѓа и да опаѓа и во следните години.

Како што може да се очекува, постои голема корелација помеѓу сиромаштијата со приходите и социјалната исклученост. Сепак, невработеноста останува главен структурен предизвик особено меѓу младата популација, бидејќи стапката на невработеност кај младите се уште е многу висока, што предизвикува големи краткорочни и долгорочни економски трошоци, а исто така и социјални последици.



Слика 10 Лаекенски индикатори
Figure 10 Laeken indicators

Владата на РСМ треба да преземе круцијални чекори во борбата со сиромаштијата. Креаторите на политики, борбата треба да ја претстават преку компетентна, едуцирана и долгорочна економска политика. Отворањето на народни кујни и зголемувањето на нивниот број од година во година е уште една потврда на лошата состојба на македонските граѓани. Нивниот низок стандард, финансиските проблеми и недоволната парична моќ да се справат со секојдневните животни проблеми, се надополнети со високата стапка на невработеност. Во голем дел од приватниот сектор, особено во текстилната индустрија, македонскиот работник е девалвиран и понижен, не само со ниските примања туку и со еден нехуман однос, кој остава трајни последици на идните генерации. Иако Владата и целиот политички ешалон имаат алатки за справување и решавање на овој дециски проблем со сиромаштијата, сепак несоодветната координација на активностите и избрзаното воведувањето во сила на законски одредби, само ја зголемува неможноста да се реши овој проблем. Секако дека не може да биде целосно елиминиран, ниту па решен за еден ден, но мора да се креираат услови кои ќе имаат директен импакт на економскиот раст.

Невработеноста се чини дека е главен фактор за социјално исклучување во Македонија. Невработеноста може да се должи на преодните процеси или може да биде последица на непооптималната економска структура на македонската економија. Невработените исто така можат да бидат жртви на други околности, како што се образовната структура, традицијата или

недоволно развиениот финансиски систем (и во однос на обемот и структурата на финансискиот систем). Либерализацијата на локалните и странските пазари за време на процесот на транзиција доведува до поголема конкуренција. Сепак, економиите кои не беа подготвени претрпеа финансиски загуби, што пак доведе до зголемување на цените на краток рок, како и динамично зголемување на стапките на невработеност. Имајќи предвид дека меѓународното отворање не беше доведено во прашање за македонската економија, се очекуваше зголемување на стапката на невработеност, како и во сите други земји во транзиција. „Насекаде во светот, по големиот пад на продажбата, вработувањето обично заостанува и ќе беше изненадувачки ако државните фирми во економиите во транзиција се однесуваа поинаку. Во исто време, имаше значително складирање на работна сила во тие фирми дури и пред транзицијата, а со тоа и простор за значително подобрување на продуктивноста“ (Blanchard, 1997). Според податоците од истражувањето (UNDP Macedonia, 2009), ситуацијата не изгледала толку поволна како во земјите од Централна и Европа, баш напротив. Истражувањето опфаќајќи ги четирите сфери на исклучување (економска, социјална, културна, политичка) беше спроведено во ноември-декември 2009 година во шест земји (Македонија, Украина, Молдавија, Србија, Казахстан, Таџикистан). Според истражување, има нагло зголемување на стапката на невработеност во последните неколку години, што не може да биде резултат само на ефектите од транзиција. Повеќето од земјите во транзиција претрпеа значителен раст на стапката на невработеност. „Падот на вкупната вработеност беше значително подолг и поголем од оној на производството. Падовите се движеа од 10 проценти (во Чешка) до 25 проценти (во Бугарија) од нејзиното ниво пред преодот“ (Blanchard, 1997). Процесот на македонска приватизација беше завршен во 2005 година кога Агенцијата за приватизација беше затворена. Забележително е дека зголемен број на загуби на работни места се случија во период на голема експанзија (2007 и 2008 година), кога целата македонска економија покажа високи стапки на раст. Во текот на 2009 година, немаше очигледна промена во текот на стапката на невработеност: ова можеби е резултат на значително рецесивни пазарни потези на македонската економија. Повеќето од Отпуштања во секој период помеѓу 1989 и 2009 година вклучувале лица со средно стручно образование (од 48 до 56 проценти) и основно

училиште (од 14 до 18 проценти) (UNDP Macedonia, 2009). Процентот на погодени мажи и жени беше скоро исто во сите анализирани групи и периоди. Ова може да доведе до заклучок дека се одвива некакво прилагодување на економската структура во текот на претходните периоди, и не само во раниот период на транзиција.

Пред избувнувањето на пандемијата, невработеноста во Западен Балкан значително опадна, но сè уште е нејасно како пандемијата ќе влијае на пазарот на трудот во регионот.

Она што е јасно, е дека од кризата и карантинот беа погодени странците и мигрантите. Неколку сектори се најпогодени и стапката на вработување е директно поврзана со нив. Тоа се: туризмот и угостителството, авиопревозници, градежништвото и сл. Лицата кои имаа несоодветна стручна подготвеност ги изгубија своите работните места.

Најголем проблем на македонската економија, според Мајлинда Брегу генерален секретар на Советот за регионална соработка, е одливот на мозоци. Тоа секако е и најголем предизвик кој треба да биде основа за сите идни стратегии на Владата на Република Македонија за задржување на младите генерации. Според неа, поттикнувач на овие состојби е неусогласеноста на образовните програми со потребите на пазарот на труд, односно недоволно вложување во стекнување на нови вештини и искуства потребни за брзорастечките индустрии и променливите технолошки текови. Треба да се направат радикални промени во образовниот систем, кој треба да го промени традиционалното гледиште на македонскиот народ кон образованието. Експертите проценуваат дека досега одливот на мозоци го чинеше потенцијалниот БДП од околу. 900 милиони евра поради помала потрошувачка, производство и помалку работни места.

Доколку се разгледа Глобалниот извештај за конкурентност за 2019 година, Албанија и Северна Македонија ги заземаат 81-то и 82-то место, со што се заедно со останатите земји од Западен Балкан се наоѓаме некаде на крајот на листата од земји. ги става земјите на Западен Балкан во опашката на европската група. Последна на листата, на 93то место е Египет. Земјите кои се наоѓаат на врвот на оваа листа се богати, моќни и конкурентни на пазарот на

труд. Но според индексот на среќа, нивните жители се незадоволни од квалитетот на живот. СРМ според индексот на среќа, од земјите во Западен Балкан, исто така се наоѓа на крајот на листата, што е уште една потврда дека покрај тоа што населението не е доволно конкурентно на пазарот на труд, тоа е и незадоволно од условите на живот во државата.

Еден од начините за намалување на невработеноста е самовработувањето. Станува збор за хонорарни работници кои по природа се креативци, уметници. Праксата во Република Северна Македонија покажува дека да се биде самовработен значи ограничен пристап до социјални услуги, зголемен број на часови на работа, стрес, недостаток на платени одмори и воопшто понизок квалитет на живот. Владата на РСМ понуди неколку проекти за самовработување со кои на сите активни барателиа на работа, им нуди кредите за започнување на сопствен бизнис во повеќе области со самовработување. Во последните 12 години, над 33000 граѓани аплицирале на програмите за самовработување и околу 14.000 кандидати учествувале на тренинзи и обуки за претприемништво и изработка на бизнис план. Од почетокот на програмата па до денес, над 11.000 луѓе отвориле свој сопствен бизнис. Високи 70% од компаниите кои се отворени преку овие програми, функционираат сè уште. Како најголем бенефит од проектот е намалувањето на стапката на невработеност за 3% (УНДП, 2021).

Економските системи кои тешко ја поминаа кризата од 2008-2009 година, дополнително беа погодени од Ковид 19 пандемијата, не само со зголемување на трошоците, туку и за загуби и зголемување на невработеноста.

Експертите предвидуваат посветла иднина за земјите од Западен Балкан во следните години. Како совршена геостратешка позиција, Балканот има капацитети да прими нови странски инвестиции, особено Република Северна Македонија. Доколку овие предвидувања се потврдат, во периодот што следува РСМ има шанси повторни да доживее скок во стапката на вработеност.

5. Иднината на младите во Северна Република Македонија

Секоја земја која се стреми да постигне економски раст треба да ја посвети иднината на младите генерации. Тие се центарот на таа земја, околу кој ротираат сите настани, тие имаат неограничен потенцијал за развој и напредок на секоја држава. Енергија на младиот свет, желбата и можноста да работат и на неколку работни позиции во исто време, креативноста за отворање на нови бизниси, помагаат на државата да ги зголеми приходите. Така, самите ја креираат својата иднина, го зголемуваат својот капитал, си го олеснуваат животот во подоцнежните години и си го подобруваат квалитетот на животот.

За жал, се почесто може да се види сликата на младиот човек кој се врти во кругот на безизлезност, без можност за избор на професија и работа според образование. Тие се ориентираат според потребите на пазарот на труд прифаќајќи работни позиции кои ниту се според нивните квалификации и вештини, ниту според образовниот профил. Тука се зачетоците, на намалувањето на квалитетот на работната сила, кој понатаму ја намалува ефикасноста, продуктивноста и професионалноста на економската понуда на една земја.

Република Северна Македонија нема стратегија за соочување со проблемите и наместо сериозен пристап кон креирање на реформи како во образовниот систем, така и во здравствениот систем, создавање на нови работни места и вметнување на младите во државната агенда, сведоци сме на изнаоѓање на совршени начини за прикривање на истите. И покрај многуте обиди да се вештачки да се намали бројот на млади кои не се вработени, таа бројка е се уште висока.

Според податоците на Државниот завод за статистика, на слика 11, може да се види дека бројот на работоспособно население во 2020 година е 1 685 589. На тој број, 794 909 отпаѓаат на вработени, а 155 949 на невработени. Во споредба со 2021 година бројките се малце намалени, па така стапката на невработеност е намалена на 15,2 %, додека стапката на вработеност е скоро идентична од 47,3 % во четвртиот квартал од 2021 година.

Анализата на податоците на населението на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност и полот, покажува дека бројот на неактивно население расте и изнесува 744.381. Најбројна група во оваа категорија е секако младината на возраст од 15 -24 години.

Доколку се направи споредба со претходните години, може да се забележи тенденција на намалување на вкупниот број како на активно население така и на вкупниот број на работоспособно население.

T-01: Активно население и стапки на активност[1)]

T-01: Labour force and activity rates [1)]

	Вкупно работоспособно население Total working age population	Активно население Labour force			Стапка на активност Activity rate	Стапка на вработеност Employment rate	Стапка на невработеност Unemployment rate
		вкупно Total	вработени Employed	невработени Unemployed			
2020	1 685 589	950 858	794 909	155 949	56.4	47.2	16.4
2020/IV	1 685 468	941 524	789 552	151 972	55.9	46.8	16.1
2021/III	1 681 911	945 158	796 681	148 477	56.2	47.4	15.7
2021/IV	1 681 863	937 482	795 276	142 206	55.7	47.3	15.2

[1)] Поради пресметките од примерокот и извршените заокружувања на пресметаните резултати на единици, понекогаш се можни мали отстапувања на оценитe на вкупното од резултатите добиени со сумирање на одделни ставки што ги составуваат збировите.

[1)] Because of calculations of the sample and rounding up calculated results to one number, sometimes deviations are possible in the total of the results that are obtained by summing up individual items.

T-02: Население на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност и полот

T-02: Population aged 15 years and over by economic activity and gender

	IV тримесечје 2020 IV quarter 2020	IV тримесечје 2021 IV quarter 2021		IV 2021 / IV 2020	
	лица persons	лица persons	структура по пол structure by gender		
Активно население					**Labour force**
Вкупно	**941 524**	**937 482**	**100.0**	**99.6**	**Total**
Мажи	565 413	566 200	60.4	**100.1**	Men
Жени	376 111	371 282	39.6	**98.7**	Women
Вработени					**Employed**
Вкупно	**789 552**	**795 276**	**100.0**	**100.7**	**Total**
Мажи	471 739	478 903	60.2	**101.5**	Men
Жени	317 813	316 373	39.8	**99.5**	Women
Невработени					**Unemployed**
Вкупно	**151 972**	**142 206**	**100.0**	**93.6**	**Total**
Мажи	93 674	87 297	61.4	**93.2**	Men
Жени	58 298	54 909	38.6	**94.2**	Women
Неактивно население					**Inactive population**
Вкупно	**743 944**	**744 381**	**100.0**	**100.1**	**Total**
Мажи	278 183	274 984	36.9	**98.9**	Men
Жени	465 761	469 398	63.1	**100.8**	Women

Слика 11 Население на возраст од 15 години и повеќе според економската активност и полот

Figure 11 Population aged 15 years and over by economic activity and gender

Извор: Државен завод за статистика, 2021

Невработеност кај младата популација особено на онаа група од 19- 24 години, не е проблем само на Република Северна Македонија. Европа после Глобалната рецесија и наглото затварање на многу бизниси, почна да се соочува со истиот проблем. Во Европската унија, процентот на невработени млади лица изнесува 22,1%. Искажано во апсолутни бројки тоа изнесува пет милиони млади луѓе кои се невработени. Ако тоа значи дека секој петти млад човек е во потрага по нова работна позиција, уште поалармантна е состојбата во соседна Грција каде секој втор млад човек е невработен. Светот и Европа гласно зборува за проблемот со невработеноста кај младите лица, што не е и случај со Македонија. За таа цел, во ЕУ беше креирана Младинската гарантна шема. Оваа програма беше наменета за младите кои доаѓаат од земјите членки а ЕУ, а го завршиле процесот на образование. Секоја земја членка, на овие млади лица, во рок од 4 месеци после завршувањето на школувањето, да им понуди обука, тренинг, доедукација или работна позиција. Целта е да не се остават младите да имаат празен од, да бидат активни на пазарот на трудот. Европската Унија има повеќе програми за поддршка на младите лица и помош во процесот на потрага на работни места, како и веб платформи со кои им помагаат на бизнисите да се приближат до младите и да ја спојат понудата со побарувачката, на начин најблизок до младата популација.

Македонија мора да најде начин како да биде повторно посакувано место за градење на иднина на младите генерации. Првата работа која треба да ја направи Владата и креаторите на политики е да се соочат со проблемот на невработеност и одливот на мозоци, како клучни причини за напуштањето на државата. Структурните реформи на Република Северна Македонија треба да се фокусираат на младите, на подобрување на нивниот статус во општеството, зголемување на можностите за едукација и вработување.

Клучната алка е спојување на пазарот на трудот со процесот на образование, односно усогласување на потребите на пазарот на трудот и креирање на образовни политики, образовни програми кои ќе бидат во склад со потребите и барањата на пазарот. Владата заедно со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование како и Агенцијата за вработување, потребно е да понудат програми за поддршка на младите во Република Северна Македонија преку кои младината ќе има опција да се дошколува,

докваликикува или да си ги дооформи претходно стекнатите вештини. Потребата за спроведување на сеопфатни и широки програма за реформи во македонскиот образовен процес, туку и во македонската економија, се повеќе од неопходни за Република Северна Македонија. За да се затвори јазот во просперитетот, мора да се интензивираат реформите насочени кон градење одржливи пазарни економии. Државата мора да игра важна улога што овозможува растеж со обезбедување на владеење на правото, стабилно макроекономско опкружување јасни правила на игра за бизнисите.

Институциите треба да им дадат можност на да учествуваат во креирањето на политики со што ќе си ја предвидат не само сопствената иднина, туку и иднината на државата, за да може да ја доживеат државата како своја. Треба да имаат право на глас и простор да го искажат своето мислење кое треба да биде чуено и вреднувано. Доколку не се случи тоа, Република Северна Македонија ризикува да ја изгуби иднината на младите генерации.

.

ДЕЛ 4
АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЕФЕКТИТЕ ОД РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПОДАТОЦИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Избор на променливи и извори

Изборот на променливите кои се составен дел на економетриската анализа за докажување на поставените хипотези претставува една од најкомплексните задачи. Консултирање на теоријата говори за најважните променливи и нивната насока на делување, но теоретскиот модел не се пресликува толку добро во реалните податоци. Во истражувањето користени се податоци добиени од секундарни извори, кои се протегаат во временски интервал од 2000-2019 година. За остварување на основната цел, евалуација на ефектите на човечкиот капитал врз економскиот раст користени се повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат индексот на човечки капитал (независни променливи) и бруто домашниот производ (зависна променлива).

Како зависна променлива применета во анализата е следниов индикатор:

- **Бруто домашен производ (БДП)** (англиски: gross domestic product, GDP) е еден од основните показатели на големината и успехот на една економија. Бруто-домашниот производ е дефиниран како вкупната пазарна вредност на сите произведени финални добра и услуги во една земја во одреден период (вообичаено, една година). Според тоа, во БДП се вклучуваат само финалните добра, т.е. се исклучува вредноста на интермедијарните производи во производството. Изразот бруто се однесува на фактот дека амортизацијата на капиталните фондови е вклучена во пресметката на БДП. Значи, доколку се одземе амортизацијата на капиталните фондови би се добил нето домашен производ. Бруто-домашниот производ е централна макроекономска категорија преку која се мери вкупната економска активност на една земја. Како мерка за економската активност, е дефиниран како разлика меѓу вредноста на произведените стоки и услуги и употребените производи и услуги за нивно создавање. Стапката на реален пораст на БДП по жител е пресметана од вредностите изразени по постојани цени (2005), со цел да се прикажат само волуменските движења, односно да

се елиминира влијанието на инфлацијата врз стапката на пораст. БДП (во евра) се пресметува од јануари 1999та година па се до денес[1]. Податоците се преземени од базата на ЕУРОСТАТ. (Еуростат, 2021).

Хипотеза 1

За докажувањето на хипотезата 1, дека подолгиот животен век по глава на жител има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител, користени се следниве независни променливи во вид на стандардизирани статистички индикатори:

- стапката на смртност на децата под 5 години,
- очекувано (средно) траење на животот при раѓање.

- **Стапката на смртност на деца до 5 години,** е веројатноста на умирање на деца со неполни 5 години, просечно на 1000 живородени деца.

Во трудот, заради полесна меѓународна споредба, податоците за смртност на децата под 5 години се преземени од Меѓународната група на ОН за проценки на смртност кај деца (IGME). Стапките на смртност на децата под 5 години се пресметуваат врз основа на смртноста што е евидентирана во анкети за домаќинства и виталните регистри (односно административни евиденции) и се ажурираат и објавуваат секоја година во септември за претходната година[2]. За ажурирањето на HCI (Human Capital Index) за 2020 година, податоците за стапките на смртност под 5 години се преземаат од ажурираните проценки на IGME во септември 2019 година и се достапни на веб-страницата за проценки на смртност кај деца. Заради постојаното ажурирање на податоци и специфичните методи на моделирање на групата ИГМЕ за пресметка на смртноста, можни се промени во податоците на временската серија од претходните години, но во принцип промените не се суштински. Моделите на ИГМЕ и на ДЗС за смртност се разликуваат во референтниот период - на ИГМЕ е една година, а на ДЗС три години, па резултатите на пресметките меѓусебно малку се разликуваат. Доколку стапката на смртност на децата до 5

[1] Методологијата на пресметка на БДП е по Системот на национални сметки како рамка и стандард за земјите е усвоена во 1993 (SNA 1993) со заедничка работа на статистичкиот оддел на ОН (УНСТАТ), ОЕЦД, ЕВРОСТАТ, Светска банка и ММФ. Ревизија е направена во 2008 година (SNA 2008). ЕВРОСТАТ ја има прелагодено како Европски систем на национални и регионални сметки (ESA 1995) за потребите на ЕУ и со соодветна ревизија во 2010 (ECA 2010). ДЗС работи од 1999 по важечките системи на ЕСА.
[2] Податоците се достапни на веб-страницата за проценки на смртност кај децата- https://childmortality.org/

години се подели со 1000 се добива Веројатност на умирање на децата до 5 години (q_x) Комплементарен индикатор на Веројатност на умирање на децата до 5 години е „Веројатноста на доживување на децата до 5 години (Chield Survival)“ (p_x I $p_x+q_x=1$). Стапката на смртност кај децата до 5 години, во најголем број на земји има удел од околу 50% од вкупната смртност на целото население. На пример: и во РС Македонија во 2020 година вкупната смртност е 12.4 лица на 1000 жители, а смртноста на децата до 5 години е 6.0 деца на 1000 жители (ДЗС 2020[3]. Макстат база), а во 2019 година пред Ковид -19, вкупната смртност е 9.8 лица на 1000 жители, а смртноста на децата до 5 години е 6.3 деца на 1000 жители.

- **Очекувано траење на животот од раѓање** (Life expectancy at birth (years))

Број на години што новороденче може да очекува да ги живее ако преовладувачките модели на стапка на смртност, специфична за времето на раѓање, останууваат непроменети во текот на животот на новороденчето. Со други зборови, се разгледува бројот на луѓе од различни возрасти кои умираат таа година и тоа дава слика за заеднички „карактеристики на смртност“ таа година за населението. Податоците се преземени од Одделот за економски и социјални работи при ОН (UN DESA) и од базата на податоци на Светска Банка.

Очекуваното траење на животот при раѓање е последната во низа на биометриски функции што се пресметуваат при изработка на т.н. морталитетни таблици[4]. Почетна биометриска функција е веројатноста на умирање за одредена возраст, а крајна е очекуваното траење на животот од одредена возраст, што значи меѓу нив има силна функционална врска.

[3] ДЗС Макстат база, табела „ Стапка на смртност на деца под 5 години , 2006-2020“, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__Vitalna/905_VitStat_StapUmren_Deca_ml.px.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef, пристапено 10.12.2021

[4] (ДЗС 2009), Таблици на морталитет за населението на Република Македонија 2006-2009 година; http://www.stat.gov.mk/Publikacii/TABLICI_NA_MORTALITET.pdf , и МАКСТАТ база http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef , пристапено на 1.11.2021. ДЗС користи период од три години со тригодишен подвижен просек во почетните пресметки за специфичните стапки на смртност по едногодишни возрасни групи и пол

Хипотеза 2

За докажувањето на хипотезата 2, дека поголема вклученост во образовниот процес има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител, користени се следниве независни променливи во вид на стандардизирани статистички индикатори:

- **Стапка на запишување** (Enrolment rates)

Стапки на запишување се изразени како нето стапки на запишување, кои се пресметуваат со делење на бројот на ученици/студенти од одредена возрасна група запишани во сите нивоа на образование со бројот на населението од таа возрасна група во средината на годината. Општо земено, бројките се базираат на бројот на лица (ученици или студенти) и не прават разлика помеѓу редовното и вонредното студирање. Стапките на запишување исто така се пратат и по пол. Стапките на запишување се добиваат од Институтот за статистика на УНЕСКО, дополнети со податоци обезбедени од вработените во Светска банка. Се користат најновите проценки заклучно со март 2020 година.

- **Очекувани години на школување** Expected Years of School

Очекуваните години на школување се бројот на години на школување што може да се очекува едно дете на влезна училишна возраст да ги помине доколку преовладуваат моделите на стапки на запишување специфични за возраста во текот на целиот живот на детето. Очекуваните години на училиште се пресметуваат како збир на специфични стапки на запишување за возраста помеѓу 4 и 17 години. Стапките на запишување специфични за возраста се приближуваат со користење на стапки на запишување во училиште на различни нивоа: стапките на пред-основно запишување ги приближуваат стапките на упис за 4-та година и 5-годишници; примарната стапка се приближува за деца од 6-11 години; пониската секундарна стапка се приближува за деца од 12-14 години; а средното[5] се приближува на возраст од

[5] По меѓународни стандарди нашето средно се води како “upper secondary school” , а од 5-9 одделение како “lower secondary school”.

15-17 години. Податоците за очекуваните години за школување се преземени од Институт за статистика на УНЕСКО.

- **Просечни години на школување** (Mean years of schooling)

Просечните години на школување го означува просечниот број на завршени години на образование на населението во една земја, со исклучок на годините поминати во повторување на одделните предмети (години). Проценките за просечните години на школување се направени од UIS (Институт за статистика на УНЕСКО) и го опфаќаат населението на возраст од 25 години и постаро, што е индикатор што се користи при пресметувањето на Индексот за човечки капитал (HDI).

Просечните години на школување се користат од Канцеларијата за извештај за човечки развој (HDRO) на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) од 2010 година како еден од двата индикатори за образование при пресметувањето на индексот за човечки развој (HDI) (UNDP, 2010). Просечните години на школување ја заменија стапката на писменост за возрасни што се користеше при пресметувањето на индикаторот за човечки развој (HDI) до 2009 година (UNDP, 2009). Вториот индикатор за образование што се користи при пресметувањето на индикаторот за човечки развој (HDI) е „очекувани години на школување“ од страна на Канцеларијата за извештај за човечки развој (HDRO), кој ги замени комбинираните бруто стапки на запишување во основното, средното и терцијалното образование. И стапката на описменување на возрасните и комбинираните стапки на бруто запишување во основното, средното и високото образование беа обезбедени од Институтот за статистика на УНЕСКО (UIS). Податоците за очекуваниот животен век на училиштето се исто така дадени од Институтот за статистика на УНЕСКО. Претходно проценките за просечните години на школување не беа достапни од извор на ОН, затоа HDRO се потпираше на базата на податоци од Баро и Ли (2010) за овој индикатор. Како одговор на коментарите на Статистичката комисија на ООН (ООН, 2011 година), Канцеларијата за извештај за човечки развој и Институтот за статистика на УНЕСКО иницираа соработка за создавање база на податоци. Со објавувањето на податоците од декември 2013 година,

Институтот за статистика на УНЕСКО за прв пат ги споделува проценките на просечните години на школување.

Хипотеза 3

За докажувањето на хипотезата 3, дека растот на продуктивноста и вработеноста има позитивна асоцијација со растот на БДП по глава на жител (како зависна променлива), користени се следниве независни променливи во вид на стандардизирани статистички индикатори:

- **Стапка на продуктивност во Република Северна Македонија**

Вкупната продуктивност на трудот се пресметува како пондериран збир на пресметаната продуктивност на ниво на индивидуален сектор. Во рамките на секој сектор, продуктивноста се пресметува како сооднос помеѓу додадената вредност во тој сектор и бројот на вработени лица. Податоците за овој индикатор се преземени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

- **Стапка на вработеност во Република Северна Македонија (**Employment rates)

Стапките на вработеност се дефинираат како мерка за степенот до кој се користат расположливите ресурси на работна сила (лица на располагање за работа). Тие се пресметуваат како однос на вработеното и работоспособното население. Под вработено лице се подразбира секое лице што работи барем 1 час во референтна недела за пари или надоместок во натура. Податоците за овој индикатор се преземени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Податоците се собрани со Анкетата на работна сила и пресметани според важечките стандардите на ИЛО, ЕВРОСТАТ и СБ.

- **Стапка на невработеност во Република Северна Македонија** (Unemployment rates)

Процентот на невработеност се пресметува кога вкупниот број на невработени лица ќе се подели со бројот на населението кое е способно за работа (работната сила). Најчесто се пресметува за возрасната група од 15 до 64 години.

Стапката на невработеност го претставува учеството на невработените лица во вкупната работна сила. Вкупниот број на вработени и невработени лица ја определуваат работната сила во една земја.

Невработените се луѓе на работоспособна возраст кои не работат, се достапни за работа и преземаат конкретни чекори за наоѓање работа. Дефиницијата за невработеност е според стандардите на ИЛО и Евростат и се меѓународно споредливи. Овој индикатор се мери во број на невработени лица како процент на работната сила и го има како неприлагоден или пак сезонски прилагоден. Работната сила е дефинирана како вкупен број на невработени лица плус оние кои се вработени. Податоците за овој индикатор се преземени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Податоците се собрани со Анкетата на работна сила и пресметани според важечките стандардите на ИЛО, ЕВРОСТАТ и СБ.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За евалуација на ефектите **од растот на човечкиот капитал мерен со индексот на човечки развој врз економскиот раст во** трудот се применети повеќе методи. За испитување на карактеристиките на податоците се користи дескриптивната статистика, мултиваријантната анализа и регресионата анализа.

За откривање на јачината и насоката на квантитативното слагање на варијациите на две или повеќе појави се користи методата на корелација. Влијанието на секој фактор на независната променлива се испитува со повеќекратна регресија.

Дескриптивна статистика

Во трудот се користат мерките на централна тенденција за да се одредат четирите момента: средната вредност, максимумот, минимумот и медианата на временските променливи. Исто така распоредот на дисперзија е значаен за правилна трансформација на променливите и избор на соодветен модел за анализа. Истовремено, прикажани се податоци за асиметрија (skewness) и сплоснатост (kurtosis), кои се потребни за тестирање на дистрибуцијата на нормалност т.е. за спроведување Jarque-Bera (JB) тест и помагаат за визуелно да се оцени поклопувањето/отстапувањето од ѕвончеста форма на нормалната крива. Во случај на нормална дистрибуција, асиметријата би била нула, или би се толерирала во границите од -0,5 до 0,5. Како тестови дали сериите на податоци потекнуваат од нормални распореди се користат тестовите на Шапиро-Вилк (Shapiro-Wilk) и Жарк-Бера (Jarque-Bera). Условот за нормалност е важен за пресметка на F-тестовите за пригодност на регресионите модели.

Корелација

Задачата на корелационата анализа се состои во откривање на јачината и насоката на квантитативното сложување на варијациите на две или повеќе појави (Ристевски & Тевдовски, 2010). Како мерка на квантифицирање на интензитетот на простата праволиниска корелација се користи Коефициентот на линеарна корелација, понекогаш е нарекуван Пирсон момент, коефициент на корелација во чест на Карл Пирсон (1911). Количеството r, наречен коефициент на линеарна корелација, ја мери силата и насоката на еден линеарен однос помеѓу две променливи. Математичка формула за пресметување на коефициентот на линеарна корелација r е:

$$r = \frac{n\sum xy - \left(\sum x\right)\left(\sum y\right)}{\sqrt{n\left(\sum x^2\right) - \left(\sum x\right)^2}\sqrt{n\left(\sum y^2\right) - \left(\sum y\right)^2}}$$

(2)

Каде што **n** е бројот на поврзани податоци во парови од двете променливи (x_i, y_i). Вредноста на **r** е таква што -1 <**r** <+1, односно корелацијата може да биде позитивна линеарна корелација, негативни линеарна корелација или пак со вредност нула соодветно. Ако x и y имаат силна позитивна линеарна корелација, r е блиску до 1. На вредност r на точно 1 покажува совршена позитивна корелација. Ако x и y имаат силно негативно линеарна корелација, r е блиску до -1. На вредност r на точно -1 покажува совршена негативна корелација. Ако не постои линеарна корелација или слаба линеарна корелација, r е блиску до 0. Вредност во близина на нула значи дека таму е случаен и нелинеарен односот помеѓу две променливи. Корелацијата поголема од 0,8 начелно се опишува како силна, со оглед на тоа корелација помалку од 0,3 генерално се опишува како слаба, а меѓу 0.3 и 0.8 како умерена. Корелацијата не ја открива причината на поврзаност -каузалноста на појавите, туку само насоката и интензитетот на поврзување.

Регресиона анализа

Во анализата се употребени повеќе променливи со цел да се процени влијанието на секој фактор на независната променлива и затоа се користи повеќекратна регресија.

Регресијата е пресметана со примена на методот на најмали квадрати (Ordinary Least Squares -OLS). Овој метод спаѓа меѓу најдоверливите методи првенствено поради способноста да ги минимизира пристрасноста и варијансата. Бидејќи направена е регресија со повеќе променливи, применет е F-тестот. Целта е да се провери дали една, или група независни променливи, имаат влијание врз зависната променлива. На таков начин се мери целото значење на регресијата (Gujarati, 2003). Поконкретно, направен е обид да се квантифицира влијанието на различни влијанија врз една зависна променлива од страна на други независни променливи. Оттука, методот кој е применет за да ги тестира поставените хипотези ја користи следната формула:

$$y_{it}=\beta_0+\beta_1 x_1+\beta_2 x_2+\beta_3 x_3+...+\varepsilon_{it} \quad (3)$$

каде:

- y_{it} е зависна променлива (во трудот е избран БДП);
- $\beta_0 ... \beta_n$ се регресиони коефициенти;
- $x_1 ... x_n$ се независни променливи (пр. стапка на смртност на деца до 5 години, очекувано траење на животот од раѓање, стапка на запишани ученици, очекувани години на школување, просечни години на школување, стапката на продуктивност, стапка на вработеност и стапка на невработеност во Република Северна Македонија и сл.)
- ε_{it} - е случајна грешка која е нормално дистрибуирана со средна вредност нула.

Како проблем во анализата во трудот се и кусите временски серии на податоци од по 20 години. Сериите во социјалните статистики често се годишни и не секогаш се долги, како на пример што е случајот во економските статистики - дневни извештаи од берза, месечни и квартални податоци за вработеност и невработеност, месечни податоци за инфлација и сл.

Воспоставување или ревизија на одредени индикатори исто така има влијание во должината на временските серии. Пример за ИЧР има промена во пресметките од 2010 во делот за писменост, а БДП по меѓународен стандард се пресметува од 1999 година. Должината на сериите влијае ограничувачки за продлабочена анализа на податоците по временските точки во сериите и можностите за предвидувања.

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Економски раст и човечки капитал

Како прв чекор за анализа на поставените хипотези и употреба на соодветен модел е опишувањето на променливите со цел обезбедување на информации за основните карактеристики на временските серии. Во оваа фаза на анализата се добиваат одговори на прашањата за централната тенденција на променливите, дали имаат нормален распоред и дали постојат специфичности во движењето на временските серии односно дали се наметнува потребата од трансформирање на сериите. Одговорите на овие прашања даваат почетна основа за избор на соодветен модел за реализација на целта.

Прашањето за долгорочниот економски раст и развој има висока релевантност за секоја економија, бидејќи ако земјата остварува високи и одржливи стапки на економски раст, се подобруваат сите нејзини економски и социјални перформанси. Фактички, од динамиката и од квалитетот на растот, во крајна линија, зависи благосостојбата на граѓаните на земјата. Ова особено и поради општо познатото сознание на теоријата на економскиот раст дека мали, дури маргинални, занемарливи колебања во стапките на економскиот раст (од 0,5 или 1 процентен поен) имаат долгорочни последици врз економската моќ на една земја. Имајќи предвид дека економскиот развој претставува само еден

процес од комплексниот систем наречен човечки развој, произлегува дека економскиот развој неминовно води до човечки развој и квалитет на живот.

Табелата 17 ја прикажува дескриптивната статистика на БДП по глава на жител изразено во евра и Индексот на човечки развој (ИЧР) што се користат во анализата. Покрај нив прикажани и дескриптивните статистики и на нивните логаритамски трансформации Ln(BDP) и Ln(ICR), затоа што со нив полесно се прикажуваат меѓусебните релативни промени на променливите, односно т.н. еластицитет. Истовремено, прикажани се податоци за асиметрија (skewness) и сплоснатост (kurtosis), кои се потребни за тестирање на дистрибуцијата на нормалност т.е. за спроведување Jarque-Bera (JB) тест и Шапиро-Вилкс тестот. Асиметријата би била нула, или би се толерирала во границите од -0,5 до 0,5. Од табелата 17 се забележува дека коефициентите на асиметрија се во интервалот (-0.5, 0.5) и вредностите се различна од нула со што индицира постоење позитивна или негативна асиметрија. Што се однесува до сплоснатоста, вредноста и интерпретацијата зависи од применетата формула. Софтверите СПСС и Ексел ја користат т.н. форма на корекција со коефициент (-3), „*excess kurtosis“* во која нормалната дистрибуција има вредност на сплоснатост нула наместо три (пр. софтвер EView). Во табелата 17 се дадени и вредностите на тестовите за нормалност на Шапиро-Вилкс и Jarque-Bera (JB). Променливите БДП, ИЧР, ln(BDP) и ln(ICR) според нив го задоволуваат предусловот дека вредностите потекнуваат од нормални дистрибуции. Веројатностите за отфрлање на нултите хипотези за нормалност се поголеми од p=0.05, односно не се сигнификантни, со што почетните хипотези за нормалност на сериите се потврдуваат со конфидентност од 95%.

Табела 17 Дескриптивни статистики на променливите Бруто домашен производ во евра, Индексот на човековиот развој и нивните логаритамски презентации со тестови за нормалност

Table 17 Descriptive statistics on the variable Gross Domestic Product in euros, Human Development Index and their logarithmic presentations with tests of normality

Дескриптивни статистики Descriptive statistics				
	БДП во Еуро по тековни цени	ИЧР	ln(БДП во Еуро по тековни цени)	ln(ИЧР)
Средна вредност	3411.8	0.724	8.080	-0.323
ст.грешка	251.2	0.007	0.077	0.010
Медијана	3383.5	0.733	8.126	-0.311
Максимум	5423.0	0.774	8.598	-0.256
Минимум	1887.0	0.669	7.543	-0.402
Ст. девијација	1123.5	0.032	0.345	0.044
Асиметрија	0.204	-0.394	-0.224	-0.447
ст.грешка асиметр.	0.512	0.512	0.512	0.512
Сплоснатост	-1.071	-1.073	0.512	-1.043
ст.грешка сплос.	0.992	0.992	0.992	0.992
Шапиро Вилкис тест	0.947	0.937	0.939	0.933
сигниф. P=	0.329	0.210	0.227	0.173
Jarque- Bera test	1.094	1.478	0.386	1.573
сигниф. p=	0.579	0.478	0.825	0.455

На слика 12 е прикажано движењето на ИЧР во однос на движењето на БДП по глава на жител изразено во Евра. Од сликата може да се забележи многу умерен пораст на БДП во Република Северна Македонија. Во овој контекст напоменуваме дека негативната стапка на раст во голема мерка се должи на воените конфликти во 2001 година, како и на финансиската криза во 2008 година. Индексот на човечки развој има средна вредност од 0.72, а индекс над 0.70 се смета за задоволителен. ИЧР забележува континуиран раст и се движи од 0.669 во 2010 година до 0.774 во 2019 година. Од 2005 година ја достигнува вредноста од 0.702. Од слика 12 може интуитивно да се заклучи дека, во периодот 2000-2019 година македонскиот Индекс на човеков развој (HDI) ја следи динамиката на раст на БДП по глава на жител. Отстапувања се забележуваат од 2016 година до 2019 година, кога растот на ИЧР не го следи растот на БДП по глава на жител.



Слика 12 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и ИЧР индексот во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Слика 12 Movement of GDP per capita (in euros) and the HDI index in source values in the period from 2000 to 2019

Слика 13 ја покажува динамиката на раст на БДП по глава на жител и Индексот на човеков развој, во трансформирани логаритамски вредности за периодот од 2000 до 2019. Отстапувањата од 2016 година до 2019 година се ублажени со линеарната трансформација.



Слика 13 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и ИЧР индексот во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година.
Figure 13 Movement of GDP per capita (in euros) and the HDI index in logarithmic values in the period from 2000 to 2019

Дијаграмот на растурање меѓу променливите БДП и ИЧР во слика 13 за периодот од 2000 до 2019 година укажува повеќе на постоење на врска од тип на X^n (n>1), одошто линеарна врска, па и тоа упатува на потреба за примена на логаритамска трансформација на променливите при формирање на регресиониот модел.



Слика 14 Дијаграм на растурање меѓу БДП во евра по глава на жител и ИЧР за периодот 2000 до 2019 година
Figure 14 Distribution diagram between GDP in euros per capita and HDI for the period 2000 to 2019

Корелацијата меѓу променливите БДП по глава на жител во евра и ИЧР е високо сигнификантна, позитивна и скоро еднаква на единица ($r=0.973, p<0.01$). Тоа значи дека постои силна, скоро линеарна поврзаност на промените меѓу променливите во иста позитивна насока. Истото се однесува и за логаритамските презентации на променливите ln(BDP) и ln(ICR), ($r=0.992$, $p<0.01$).

Воспоставуваме едноставен линеарен регресионен модел со т.н. лог-лог трансформација во кој ln(BDP) е зависна променлива, а ln(ICR) е независна променлива. Регресионата линеарна равенка е сигнификантна ($F(1,18)=1135.3$, $p<0.05$), а коефициентот на детерминација е $R^2 =0.984$, што покажува дека скоро 98.4% од варијациите на ln(BDP) можат да се објаснат со променливата ln(ICR). Ова е и за очекување, бидејќи Индексот на човечкиот развој е композитен индикатор, во кој делот од БДП по глава на жител е инкорпориран во димензијата на „Стандард на живеење“ во променливата Бруто национален доход по жител (GNI per capita (2017 PPP$)), а променливите од останатите две димензии за здравство и образование се исто така во блиско силно меѓусебно влијание со БДП.

Табела 18 Сумар на моделот
Table 18 Model summary

Сумар на моделот Model summary				
Модел / Model	R	R^2	Прилагоден R^2 / Adjusted R square	Стандардна грешка / Standard error
1	0.992[a]	0.984	0.984	0.044

Табела 19 Анова
Table 19 Anova

Анова Anova						
Модел / Model		Збир на квадрати / Sum of squares	Df	Варијанса / Mean square	F	Значајност / Sig.
1	Регресија	2.221	1	2.221	1135.320	0.000[b]
	Резидуал	0.035	18	0.002		
	Тотал	2.256	19			

Табела 20 Табела на коефициенти
Table 20 Table of coefficients

Табела на коефициенти Table of coefficients						
Модел / Model		Нестандардизирани коефициенти / Unstandardized Coefficients		Стандард. коефициенти / Standardized Coefficients	T	Значај-ност Sig.
		B	Стандардна грешка / Std. Error	Бета / Beta		
1	Константа / Constant	10.571	0.075		141.757	0.000
	БДП / GDP	7.702	.229	0.992	33.695	0.000

Равенката на моделот е **ln(БДП)=10.571+7.702*ln(ИЧР**), при што коефициентите на регресија, β_1 - оценката на отклонот и β_0 - оценката на отсечокот се сигнификантни за ($p<0.05$).

Дијаграмот на распрснување меѓу стандардизираните предвидени вредности и стандардизираните резидуали ги исполнува претпоставките за хомогеност на варијансата и линеарност и резидуалите се приближно нормално распределени.



Слика 15 Дијаграм на распрснување меѓу стандардизираните предвидени вредности и стандардизираните резидуали
Figure 15 Distribution diagram between standardized predicted values and standardized residuals

Од регресионата равенка заклучуваме: Релативната промена на ИЧР од 1% ќе предизвика релативна промена од 7.7% во БДП во евра по глава на жител.

Доколку ја антилогаритмираме равенката на регресија ќе ја добиеме следната равенка : (БДП) = 38987.6*(ИЧР)^7.702.

X1 Подолг животен век по глава на жител има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител

Системот на здравствена заштита во Македонија претставува комплексна мешавина на повеќе јавни и приватни установи. Неговата комплексност, меѓусекторска поврзаност и сопственост може полесно да се разберат доколку

се набљудуваат преку петте главни компоненти: организација и управување; едукација; обезбедување на услугите, вклучувајќи ги јавните и приватните провајдери: финансирање и јавно здравство.

Показателот кој е комплементарен, а ни помага да разбереме како здравјето се пренесува низ времето и просторот е очекувано траење на животот.

Индикаторот очекувано траење на животот при раѓање во Република Северна Македонија се зголемува и неговата вредност од 71,15 години во 1990 година, во 2015 е зголемен и изнесува 75,52 години. (Економски институт, 2019).

Така, очекувано траење на животот во проценети вредности во 1990 година беше 70.94, во 2000та 72.94, во 2010 74.94 и во 2020 година вредноста изнесува 76.95. Од земјите на ЕУ трендот на проценети вредности на очекувано траење на животот бележи позитивни вредности со континуирано зголемување на старосната граница. (Солева, 2015). Позитивните промени во очекуваното траење на животот се резултат на подобрувања во медицинските третмани и лекување, како и промени во стилот на живеење и воведување на здрави животни навики во секојдневието. Населението во изминативе години сè повеќе станува свесно и посветува повеќе внимание на здрава исхрана, спортски активности и води поголема грижа за своето здравје.

Очекувано траење на живот во 2010-2012 изнесува 72.97 години за мажи, 77.05 жени и просек 74.98 години живот. Во периодот од 2016-2018 година очекуваното траење на животот е 74.00 за мажи и 77.94 за жени, што бележи благ пораст во однос на претходните години, а разликата меѓу половите останува иста, со тоа што жените имаат подолг животен век од мажите. (Завод за статистика, 2018) Очекуваната должина на животниот век во Република Македонија е 73,6 години, што е за пет години покуса од просекот во ЕУ15 (79,1 години). За мажи овој индикатор изнесува 71,4 години, а за жени - 75,9 години. Очекуваниот број на години здрав живот е 63,4 години. (Статистички годишник на РМ, 2008). Животниот век во Република Северна Македонија е значително помал во однос на другите земји, а за пет години под просекот во ЕУ. Нивото на квалитет на живот на луѓето не треба да се цени само според просечното ниво на доход, туку и според нивната способност да водат долг и здрав живот, да се образуваат и активно да учествуваат во општествените текови.

Очекуваниот животен век при раѓање се зголемува во текот на изминатата деценија во ЕУ: официјалните статистички податоци откриваат дека очекуваниот животен век се зголемил, во просек, за повеќе од две години на деценија од 1960-тите. Сепак, најновите достапни податоци сугерираат дека очекуваниот животен век стагнирал или дури опаднал во последните неколку години во неколку земји-членки на ЕУ.

Покрај тоа, по избувнувањето на пандемијата КОВИД-19 минатата година, очекуваното траење на животот при раѓање падна во голем број на земји-членки на ЕУ со достапни податоци за 2020 година. Најголеми падови се забележани во Шпанија (-1.6 години во споредба со 2019 година) и Бугарија (-1.5), проследено со Литванија, Полска и Романија (сите -1.4.) (Еуростат, 2021).

Светот има значителен напредок во преживувањето на децата во изминатите три децении и милиони деца имаат поголеми шанси за преживување отколку во 1990 година - 1 од 27 деца починале пред да наполнат пет години во 2019 година, во споредба со 1 на 11 во 1990 година. намалувањето на стапката на смртност кај децата е забрзана во периодот 2000–2019 година во споредба со 90-тите години на минатиот век, со годишна стапка на намалување на глобалната стапка на смртност под пет години од 1,9 проценти во 1990-1999 на 3,7 проценти во 2000-2019 година. И покрај глобалниот напредок во намалувањето на стапката на смртност кај децата во последните неколку децении, околу 5,2 милиони деца под петгодишна возраст починале во 2019 година - повеќе од половина од тие смртни случаи се случиле во супсахарска Африка.

Глобалната стапка на смртност под пет години се намалила за 55%, од 93 смртни случаи на 1.000 живородени деца во 1990 година на 38 во 2019 година. И покрај овој значителен напредок, подобрувањето на преживувањето на децата останува итно загрижувачко. Само во 2019 година, се случиле приближно 14.000 смртни случаи на деца под пет години секој ден, нетолерантно висок број на смртни случаи на деца кои во голема мера може да се спречат. (UN IGME, 2020)

Во моментов, глобалната стапка на смртност на децата под пет години паѓа побрзо отколку во кое било друго време во последните две децении. Сепак,

напредокот е недоволен за исполнување на Милениумот Развојна цел 4 (ЦДР 4) што повикува на намалување на стапката на смртност под пет години за две третини помеѓу 1990 и 2015 година. Доколку тековните трендови продолжат во сите земји, светот нема да ја исполни целта до 2026 година (UNICEF, 2014).

Табелата 17 ги прикажува дескриптивните статистики на променливите: стапка на смртност на децата под 5 години и очекуваното траење на животот од раѓање, Истовремено, прикажани се податоци за асиметрија (skewness) и сплоснатост (kurtosis), кои се потребни за тестирање на дистрибуцијата на нормалност т.е. за спроведување Jarque-Bera (JB)тестот. Од табелата 17 се забележува негативна асиметрија. Сплоснатоста, е пресметана според методата „*excess kurtosis“,* за да нормално дистрибуираните резидуали да имаат вредност еднаква на нула. Во тој поглед, само стапката на смртност на деца под 5 год има вредност блиска до нула (0.316). Шапито-Вилкис тестот покажа сепак дека податоците на променливите Стапка на смртност на деца под 5 години и Очекуваното траење на живот од раѓање потекнуваат од нормално дистрибуирани серии на податоци.

Табела 21 Дескриптивни статистики и тестови за нормалност на стапка на смртност на децата под 5 години и очекуваното траење на животот од раѓање
Table 21 Descriptive statistics and tests for normal mortality of children under 5 years and life expectancy at birth

Дескриптивни статистики и тестови за нормалност на стапка на смртност на децата под 5 години и очекуваното траење на животот од раѓање Descriptive statistics and tests for normal mortality of children under 5 years and life expectancy at birth		
	Стапка на смртност на деца под 5 години / Mortality rate of children under 5 years	Очекувано траење на живот од раѓање / Life expectancy from birth
Средна вредност	11.941	74.605
Ст.грешка	0.546	0.179
Медијана	12.242	74.573

Максимум	15.826	75.797
Минимум	6.123	73.267
Ст.девијација	2.443	0.800
Асиметрија	-0.633	-0.045
Ст.грешка асиметр.	0.512	0.512
Сплоснатост	0.316	-1.341
Ст.грешка сплос.	0.992	0.992
Шапиро Вилкис тест	0.966	0.947
Сигнификантност, p=	0.679	0.318

На сликите (16-22) прикажано е движењето на секоја од променливите: стапката на смртност на деца до 5 години и очекувани години на живеење при раѓање, заедно со БДП по глава на жител во Евра.



Слика 16 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката смртноста на децата под 5 години во изворни вредности во период од 2000-2019
Figure 16 Movement of GDP per capita (in euros) and the mortality rate of children under 5 in original values in the period 2000-2019

На слика 17 е покажана динамиката на раст на стапката на смртност на децата под 5 години со растот на БДП по глава на жител во трансформирани (логаритамски) вредности.



Слика 17 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на под 5 години преживување во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 17 Movement of GDP per capita (in euros) and the rate of under 5 years of survival in logarithmic values in the period from 2000 to 2019



Слика 18 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и очекувано траење на живот при раѓање во изворни вредности во период од 2000-2019
Figure 18 GDP per capita movement (in euros) and life expectancy at birth in original values in the period 2000-2019

На слика 18 може да се забележи дека во 2018 година, очекуваниот животен век за Северна Македонија беше 75,7 години. Очекуваниот животен век на Северна Македонија се зголеми од 73,3 години во 2000 година на 75,7 години во 2019 година, растејќи со просечна годишна стапка од 0,17%.



Слика 19 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и очекуван живот при раѓање во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 19 GDP per capita movement (in euros) and life expectancy at birth in logarithmic values in the period from 2000 to 2019

Во Република Северна Македонија 99 од 100 живородени деца доживуваат 5 годишна возраст. Стапката на смртност на децата под 5 години во Северна Македонија постепено падна од 15,8 смртни случаи на илјада живородени деца во 2000 година на 6,3 смртни случаи на илјада живородени деца во 2019 година.

Степенот на корелација меѓу променливите во линеарна форма, се прикажани на табелата 22 и се добиваат интересни информации за нивната меѓузависност. Се претпоставува дека во линеарен регресионен модел, не постои мултиколинеарност помеѓу независните променливи. Од табелата 22 се забележува дека тоа е случај со корелациониот коефициент меѓу БДП по глава

на жител и очекуваното траење на животот од раѓање (0.985). Корелацијата помеѓу БДП по глава на жител и стапката на смртност на децата до 5 години е (-0.799), а помеѓу стапката на смртност на децата до 5 години и очекувано траење на животот од раѓање е (- 0.769) и е исто така близу до (0.80), што може да има влијание врз регресионите резултати. (табелата 22).

Табела 22 Корелација меѓу БДП, стапка на смртност на деца до 5 години и очекувано траење на живот од раѓање изразени во логаритамска форма
Table 22 Correlation between GDP, infant mortality rate up to 5 years and life expectancy at birth expressed in logarithmic form

Корелација меѓу БДП, стапка на смртност на деца до 5 години и очекувано траење на живот од раѓање изразени во логаритамска форма Correlation between GDP, infant mortality rate up to 5 years and life expectancy at birth expressed in logarithmic form			
	БДП во евра / GDP in euros	Стапка на смртност на деца под 5 години / Mortality rate of children under 5 years	Очекувано траење на живот од раѓање / Life expectancy from birth
БДП во евра	1.000		
Стапка на смртност на деца под 5 години	-0.799**	1.000	
Очекувано траење на живот од раѓање	0.985**	-0.769**	1.000

**) сигнификантно за p<0.001

Во табелите 23 до 25 се прикажани проценетите резултати на два регресиони модела според т.н метода „Backward“. Зависна променлива е БДП во Евра по жител, а смртноста на деца до 5 години и очекуваното траење на живот се независни променливи, но во логаритамска форма. При „Backward“ методата најпрво во моделот се внесуваат сите независни променливи и се пресметуваат пропратните регресиони коефициенти. Потоа, се пристапува во секој чекор понатаму на отстранување на променливите со несигнификантни регресиони коефициенти во т-статистиките, се додека не се добие модел во кој останале променливи со регресиони коефициенти што се сигнификантни со т-статистиките. Критериум за отстранување на променливите е промената на

веројатноста на F статистиката да е поголема или еднаква на 0.100. Во нашиот случај, во вториот модел е останата само променливата „Очекувано траење на животот при раѓање“ во логаритамска форма, а е исклучена променливата „Стапка на смртност на децата до 5 години“ во логаритамска форма.

Табела 23 Сумар на моделите
Table 23 Model summary

Сумар на моделите Model summary									
Модел / Model	R	R^2	При-лаго-ден / Adjusted R^2	Стан. Грешка / Std. Error of the Est.	Change Statistics				Durbin-Watson
					R^2 про-мена / Change	F про-мена / Change	df1	df2	Значајна промена / Sig. F Change	
1	0.987[a]	0.974	0.971	0.0589	0.974	316.335	2	17	0.000	
2	0.985[b]	0.969	0.968	0.0619	-0.004	2.847	1	17	0.110	.513

Табела 24 Анова
Table 24 Anova

Анова Anova						
Модел / Model		Збир на квадрати / Sum of Squares	Df	Варијанса / Mean Square	F	Значај-ност / Sig.
1	Регресија	2.197	2	1.099	316.335	0.000[b]
	Резидуал	0.059	17	0.003		
	Тотал	2.256	19			
2	Регресија	2.187	1	2.187	571.202	0.000[c]
	Резидуал	0.069	18	0.004		
	Тотал	2.256	19			

Табела 25 Коефициенти на моделите
Table 25 Model coefficients

Коефициенти на моделите / Model coefficients											
Модел / Model		Нестандардизирани коефициенти / Unstandardized Coefficients		Стандард. Коеф. / Standar. Coeffic.	T	Знача j. Sig.	Корелации / Correlations			Колинеарна статистика / Collinearity Statistics	
		B	Стан. грешка / Std. Error	Бета / Beta			Zero order	Partial	Part	Toleran ce	VIF
1	Константа / Constant	-116.941	8.679		-13.474	0.000					
	Стапка на смртност на деца под 5 години / Under 5 mortality	-0.155	.092	-0.0104	-1.687	0.110	-0.799	-0.379	-0.066	0.409	2.447
	Очекувано траење на живот од раѓање / ln life expectancy	29.081	1.972	0.905	14.745	0.000	0.985	0.963	0.579	0.409	2.447
2	Константа/ Constant	-128.358	5.709		-22.484	0.000					
	Очекувано траење на живот од раѓање / ln life expectancy	31.640	1.324	0.985	23.900	0.000	0.985	0.985	0.985	1.000	

Вредноста на коефициентот на детерминација (приспособениот R2) во двата модела е висока и е околу 0.97 (во првиот е 0.971, а во вториот 0.968) што значи, дека приближно 97% од варијациите на зависната променлива може да бидат објаснети со влијанието на сите независни променливи кога се земаат заедно. (Табела 23)

F статистиката пресметана со АНОВА за двата модела е статистички значајна за p< 0.05: за првиот модел е F(316,335;p <0.05), а за вториот е F(571.202; p<0.05). (Табела 24)

Во првиот модел т-статистиките покажуваат статистички значајни регресиони коефициенти за константата b0= -116.941 (t= (-13.474, p<0.05)) и променливата очекувано траење на животот при раѓање b2=29.081 (t=(14.745, p<0.05)), додека пак регресониот коефициент за променливата стапка на смртност на децата под 5 години е статистички незначаен за p=0.05 и е b1= -0.155 (t=(-1.687, p=0.110)). (Табела 25).

Во вториот модел е задржана само независната променлива очекувано траење на животот при раѓање. Регресионите коефициенти и на константата и на независната променлива се статистички значајни b0= -128.358 (t= (-22.484, p<0.05)) и b1=31.640 (t=(23.900, p<0.05).

Во колоната за парцијална корелација (partial) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи кај двете променливи линеарното влијание на преостанатите независни променливи. Во нашиот случај, во првиот модел се гледа дека парцијалната корелација на стапката на смртност на децата под 5 години во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на очекуваното траење на животот при раѓање е релативно мало (-0.379), што оди во прилог на исклучувањето на променливата стапката на смртност на децата под 5 години во вториот модел. Парцијалната корелација на очекуваното траење на животот при раѓање во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на стапката на смртност на децата под 5 години е многу висока (0.963), што оди во прилог на задржување на променливата очекувано траење на животот при раѓање во вториот модел.

Од колоната за семипарцијална корелација (part) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи линеарното влијанието на преостанатите независни променливи само врз независната променлива. Семипарцијалната корелација кај стапката на смртност на децата под 5 години е (-0.066) и кај очекуваното траење на животниот век при раѓање (0.579). Тоа повторно потврдува дека

ефектот на влијание на очекуваното траење на животниот век при раѓање врз БДП по глава на жител во евра е скоро десет пати поголемо од влијанието на стапката на смртност на децата под 5 години.

Од регресионата равенка на вториот модел заклучуваме: Релативната промена на очекуваното траење на животот од 1% може да предизвика позитивна релативна промена од 31% во БДП во евра по глава на жител.

Но, треба да се потсетиме дека и релативниот годишен пораст на очекуваното траење на животот за периодот 2000-2019 година е 0.17%, што е помало од 1%, па може да заклучиме, дека за промена од 0,1% во очекуваното траење на животот при раѓање, може да очекуваме релативно зголемување од 3% на БДП по жител.

Равенката на моделот е **ln(БДП)= -128.4+31.6*ln(Life_exp).** Доколку ја антилогаритмираме равенката на регресија ќе ја добиеме следната равенка : (БДП) = $e^{(-128.4)}$ *(life_exp)$^{31.6}$, каде e=2.73 е основата на природниот логаритам.

X2 Поголема вклученост во образовниот процес има позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител

Дескриптивната статистика на променливите што се земени во анализата за образовниот процес и тоа: стапка на запишување, очекувани години на школување и просечни години на школување се прикажани во Табела 6. Заедно со мерките за централна тенденција дадени се и податоци за асиметрија (skewness) и сплоснатост (kurtosis), кои се потребни за тестирање на дистрибуцијата на нормалност т.е. за спроведување Shapiro_Wilk тестот. Се забележува негативна асиметрија кај очекувана години на школување и просечни години на школување, додека кај стапката на запишување асиметријата е позитивна.

Табела 26 Дескриптивната статистика на променливите стапка на запишување, очекувани години на школување и просечни години на школување
Table 26 Descriptive statistics on variable enrollment rates, expected years of schooling and average years of schooling

Дескриптивна статистика Descriptive statistics			
	Стапка на запишување / Enrollment rate	Просечни години на школување / Average years of schooling	Очекувани години на школување / Expected years of schooling
Средна вредност	30.76	8.67	12.70
Ст.грешка	1.25	0.23	0.14
Медијана	30.42	8.99	12.93
Максимум	40.98	9.80	13.59
Минимум	21.70	6.51	11.79
Ст. девијација	5.31	1.03	0.64
Асиметрија	0.12	-0.84	-0.13
Ст.грешка асиметр.	0.54	0.51	0.51
Сплоснатост	-0.53	-0.47	-1.56
Ст.грешка сплос.	1.04	0.99	0.99
Шапиро Вилкис тест	0.98	0.90	0.87
сигниф. P=	0.93	0.06	0.02

Шапиро Вилкис тестот покажа дека вредностите на променливата очекувани години на школување не потекнуваат од нормална распределба , па истата не може да биде вклучена во моделот на линерана регресија.

На сликите 20-25 прикажано е движењето на секоја од променливите: стапката на запишување, очекувани години на школување и просечни години на школување заедно со БДП по глава на жител. Се забележуваат одредени нагли промени во 2007 и 2008 година. Според измените во Законот за основно образование („Сл. весник на Република Македонија“ број 51/2007), од учебната 2007/2008 година основното образование во Република Македонија трае 9

години (деветолетка) и е задолжително за сите деца од 6-годишна возраст. Основното образование во РМ има за цел стекнување на општо образование и подготвување за понатамошно општо или стручно образование, истото е бесплатно. Покрај основното и средното образование, со измени во законската регулатива, станува задолжително, што укажува на фактот дека државата се стреми образованието да го издигне на едно повисоко ниво. Средното образование овозможува стекнување на знаења и развивање на способности за работа и натамошно образование. Средното образование опфаќа: (гимназиско, средно стручно, средно уметничко и средно специјално образование) истото трае 4 години, освен во некои стручни училишта каде што трае 3 години. Високото образование во РМ трае од 6 до 12 семестри. Овие законски промени предизвикаа и промени во серијата на податоци.

Земјата сè уште има ниски нето стапки на запишани деца во установите за образование на децата од предучилишна возраст според меѓународните стандарди. Покрај тоа, податоците од Еуростат покажуваат дека само 20 проценти од децата на четиригодишна возраст во Република Северна Македонија се запишани во образовните институции, во споредба со просекот од 90 проценти во ЕУ-27. Малата стапка на запишување на децата во претшколските установи може да се објасни со релативно слабата активност на жените на пазарот на трудот, традицијата според која бабата и дедото се грижат за своите внуци, како и неразвиената мрежа на јавните институции за детска грижа. Нето стапката на уписи во основното образование (ISCED 1 и 2) во 2008/09 години изнесувала 91 процент, без разлика меѓу половите. Меѓутоа, стапката на уписи е нешто пониска од просекот за Централна и Источна Европа (околу 97 проценти). Продолжувањето во средното образование воопшто се подобри во училишната година 2008/09, најверојатно како резултат на воведувањето на задолжителното средно образование, заедно со големите парични казни за кршење на законот. Стапката на запишување се движи од 28.5% во 2000 година до 41% во 2019 година. Заради измените во законот има зголемување на стапката во 2007 година заради стапување на сила на законските измени, но остар пад во наредната година. Истите отстапки се забележуваат и кај очекуваните години на школување, како и просечните години на школување. Очекуваните години на школување се движат во

интервал од 11.79 во 2000 година до 13.59 во 2019 година, додека просечните години на школување од 6.51 во 2000 година до 9.68 во 2019 година.



Слика 20 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на запишување во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 20 GDP per capita movement (in euros) and the rate of enrollment in source values in the period from 2000 to 2019



Слика 21 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на запишување во логаритамски вредности
Figure 21 GDP movement per capita (in euros) and the entry rate in logarithmic values



Слика 22 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и очекувани години на школување во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 22 Movement of GDP per capita (in euros) and expected years of schooling in original values in the period from 2000 to 2019



Слика 23 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и очекувани години на школување во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 23 GDP per capita (in euros) and expected years of schooling in logarithmic values in the period from 2000 to 2019



Слика 24 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и просечни години на школување во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 24 Movement of GDP per capita (in euros) and average years of schooling in source values in the period from 2000 to 2019



Слика 25 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и просечни години на школување во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 25 GDP per capita movement (in euros) and average years of schooling in logarithmic values in the period from 2000 to 2019

Степенот на корелација меѓу променливите е прикажан на Табелата 27 и се добиваат интересни информации за нивната меѓузависност. Од табелата се забележува дека корелациониот коефициент меѓу очекувани години на школување и просечни години на школување е (0.91). Стапката на запишување покажува слаба зависност со сите променливи: со БДП по глава на жител во Евра е (0.19), со очекуваните години на школување (-0.01), а со просечните години на школување (0.14) и тоа упатува дека може би треба да ја исклучиме како независна променлива, бидејќи меѓузависноста со другите променливи е слаба.

Табела 27 Корелација помеѓу променливите и БДП по глава на жител, стапка на запишување, очекувани години на школување и просечни години на школување
Table 27 Correlation between variables and GDP per capita, enrollment rate, expected years of schooling and average years of schooling

Корелација помеѓу променливите и БДП по глава на жител, стапка на запишување, очекувани години на школување и просечни години на школување Correlation between variables and GDP per capita, enrollment rate, expected years of schooling and average years of schooling				
	БДП по глава на жител/ GDP per capita	Стапка на запишување / Enrollment rate	Очекувани години на школување / expected years of schooling	Просечни години на школување / average years of schooling
БДП по глава на жител во Евра	1.00			
Стапка на запишување	0.19	1.00		
Очекувани години на школување	0.96*	-0.01	1.00	
Просечни години на школување	0.96*	0.14	0.91*	1.00

Го применуваме повторно линеарното регресионото моделирање на зависната променлива БДП по глава на жител со независните променливи стапка на запишување и просечни години на школување во логаритамска форма. Ќе ја

примениме “Backward” методата. При тоа добиваме два регресиони модели. Во првиот модел независни променливи се стапката на запишување и просечните години на школување, а во вториот модел е останата само променливата- просечни години на школување.

Табела 28 Сумар на моделите
Table 28 Model summary

Сумар на моделите Model summary										
Модел / Model	R	R^2	Прилагоден / Adjusted R^2	Стан. Грешка / Std. Error of the Est.	Change Statistics					
					R^2 промена / Change	F промена / Change	df1	df2	Значајна промена / Sig. F Change	Durbin-Watson
1	.966[a]	.933	.924	.0872	.933	105.030	2	15	.000	
2	.963[b]	.928	.924	.0877	-.005	1.194	1	15	.292	.352

Табела 29 Анова
Table 29 Anova

Анова Anova						
Модел / Model		Збир на квадрати / Sum of Squares	Df	Варијанса / Mean Square	F	Значајност / Sig.
1	Регресија	1.598	2	.799	105.030	0.000[b]
	Резидуал	.114	15	.008		
	Тотал	1.712	17			
2	Регресија	1.588	1	1.588	206,359	0.000[c]
	Резидуал	.123	16	.008		
	Тотал	1.712	17			

Табела 30 Коефициенти на моделите
Table 30 Model coefficients

Коефициенти на моделите / Model coefficients											
Модел / Model		Нестандардизирани коефициенти / Unstandardized Coefficients		Стандард. Коеф. / Standar. Coeffic.	T	Значај. Sig.	Корелации / Correlations			Колинеарна статистика / Collinearity Statistics	
		B	Стан. грешка / Std. Error	Бета / Beta			Zero order	Partial	Part	Толеранце	VIF
1	Константа / Constant	2.424	.498		4.865	.000					
	Стапка на запишув. / Enrollment rate	.135	.123	.075	1.093	.292	.276	.272	.073	.955	1.047
	Просечни години на школување / years of schooling	2.404	.173	.948	13.890	.000	.963	.963	.926	.955	1.047
2	Константа/ Constant	2.797	.365		7.674	.000					
	Просечни години на школување / years of schooling	2.444	.170	.963	14.365	.000	.963	.963	.963	1.000	

Вредноста на коефициентот на детерминација (приспособениот R^2) во двата модел е висока и е 0.924, што значи, дека приближно 92% од варијациите на зависната променлива може да бидат објаснети со влијанието на сите независни променливи. (Табела 28)

F статистиката, пресметана со АНОВА, е статистички значајна за p< 0.05: и е F(105,030;p <0.05) во првиот модел и F(206,359;p <0.05) во вториот модел (Табела 29)

Во првиот модел т-статистиките покажува дека регресиониот коефициент на променливата стапка на запишување е статистички незначаен β_1= 0.135 (t= 1.093, p=0.292>0.05)) и оваа променлива е изоставена во вториот модел .

Во вториот модел регресионите коефициенти се статистички значајни за p =0.05. За константата регресиониот коефициент е β_0= 2.797 (t= 7.674, p<0.05)). Регресиониот коефициент за променливата очекувани години на школување е β_1=2.444 (t=(14.365, p<0.05)). (Табела 30).

Во колоната за парцијална корелација (partial) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи кај двете променливи линеарното влијание на преостанатите независни променливи. Во нашиот случај, во првиот модел се гледа дека парцијалната корелација на просечните години на школување во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на стапката на запишување е висока и е (0.963). Парцијалната корелација на стапката на запишување во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на просечните години на школување е ниска и е (0.272).

Од колоната за семипарцијална корелација (part) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи линеарното влијанието на преостанатите независни променливи само врз независната променлива. Семипарцијалната корелација кај стапката на запишување е (0.073) е ниска. Тоа потврдува дека ефектот на влијание на очекуваните години на школување врз БДП по глава на жител во евра е поголемо од влијанието на променливата стапка на запишување околу 4 пати.

Од регресионата равенка на вториот моделот заклучуваме:

Релативната промена на просечните години на школување од 1% може да предизвика позитивна релативна промена од 2.4% на БДП во евра по глава на жител.

Равенката на моделот е ln(БДП)=2.797+2.444*ln(Mean_y_school). Доколку ја антилогаритмираме равенката на регресија ќе ја добиеме следната равенка: (БДП) = 16.40*(Mean_y_school)^2.444.

Х3 Растот на продуктивноста и вработеноста има позитивна асоцијација со растот на БДП по глава на жител

Табелата 31 ја прикажува дескриптивната статистика на БДП по глава на жител изразено во евра и стапката на продуктивност, вработеност и невработеност во Република Северна Македонија. Треба да се нагласи дека податоците за стапката на продуктивност се за период 2005 до 2019 година. Најголема стандардна девијација се забележува кај стапката на невработеност. Стапката на продуктивноста и вработеноста се позитивно асиметрични додека стапката на невработеност е негативно асиметрична. Шапиро-Вилкис тестот покажува дека променливите потекнуваат приближно од нормална распределба.

Табела 31 Дескриптивната статистика на променливите стапка на продуктивност стапка на вработеност и стапка на невработеност
Table 31 Descriptive statistics on the variables productivity rate employment rate and unemployment rate

Дескриптивната статистика на променливите стапка на продуктивност стапка на вработеност и стапка на невработеност Descriptive statistics on the variables productivity rate employment rate and unemployment rate			
	Стапка на вработеност / Employment rate	Стапка на невработеност / Unemployment rate	Стапка на продуктивност / Productivity rate
Средна вредност	39.91	28.84	44.17
Ст.грешка	1.13	1.63	0.19
Медијана	39.00	31.00	44.30
Максимум	47.30	37.30	45.90
Минимум	32.80	17.30	43.00
Ст. девијација	4.38	6.29	0.75
Асиметрија	0.15	-0.66	0.19

Ст.грешка асиметр.	0.58	0.58	0.58
Сплоснатост	-0.60	-0.50	0.98
Ст.грешка сплос.	1.12	1.12	1.12
Шапиро Вилкис тест	0.97	0.93	0.90
сигниф. P=	0.83	0.28	0.08

На слика 26 е прикажано движењето на стапката на продуктивност (по вработено лице и часови на работа во %) и БДП по глава на жител во периодот 2000-2019 година. Во периодот 2005–2019 г., БДП и вработеноста имаа слични стапки на пораст. Покрај вообичаениот модел на вработеноста што заостанува зад движењето на продуктивноста, едно од можните објаснувања за таквото разидување може да лежи во реформите на платите што беа спроведени во 2009 година, со кои се намалија трошоците за работната сила. Иако, економскиот раст треба да е условен од растот на продуктивноста тоа не е случај во Република Северна Македонија. Највисоко ниво стапката на продуктивност од 45.9% забележала во 2008 година, а потоа забележува пад. Најниска стапка на продуктивност од 43% е забележана во 2013 и 2017 година.



Слика 26 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на продуктивност во изворни вредности во периодот од 2005 до 2019 година
Figure 26 GDP per capita movement (in euros) and productivity rate in core values in the period from 2005 to 2019



Слика 27 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на продуктивност во логаритамски вредности во периодот од 2005 до 2019 година
Figure 27 GDP per capita movement (in euros) and productivity rate in logarithmic values in the period from 2005 to 2019

Стапка на вработеност

На слика 28 е прикажано движењето на стапката на вработеност и БДП по глава на жител во периодот 2000-2019 година, секако со отстапки во одредени години ја следи право пропорционално динамиката на раст. Во 2000 година стапката на вработеност изнесувала 35.8%, а во 2019 година 47.3%. Најголем пад се забележува во 2002 година како последица на воениот конфликт започнат во 2001 година и истата изнесува 31.9%. Исто така се забележува како последица на финансиската криза пад на стапката на вработеност на 32,8 во 2008 година. Со овие исклучоци стапката на вработеност го следи растот на БДП по глава на жител и се движи во правопропорционална насока.



Слика 28 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на вработеност во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 28 GDP per capita movement (in euros) and employment rate in source values in the period from 2000 to 2019

На слика 29 е покажана динамиката на раст на стапката на вработеност раст со растот на БДП по глава на жител на трансформираните (логаритамски) вредности кои уште повеќе укажуваат на девијациите во споменатите периоди на пад на стапката на вработеност, а усогласеност во периодите на раст.



Слика 29 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на вработеност во логаритамски вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figure 29 GDP per capita movement (in euros) and employment rate in logarithmic values in the period from 2000 to 2019

Стапката на невработеност во периодот на транзиција, односно од осамостојувањето, бележи високи стапки на невработеност, односно 1997 година има 36% невработеност, а во 1998 имаме благо намалување на стапката на невработеност за 1,5 % и таа достигнува 34,5. Во разгледуваниот период имаме повторно намалување на стапката на невработеност на околу 32%, за да во 2001 година имаме стапка на невработеност од 30,5% што е дотогаш најниска стапка на невработеност од осамостојувањето. Во периодот после 2001 година воениот конфликт во Македонија, влијаеше врз економската активност во нашата економија, односно таа во тој период значително се намали. Поради тоа во тој период имавме зголемена стапка на невработеност. Па затоа во тој пост-конфликтен период имавме нагло зголемување на стапката на невработеност и таа во годините што следеа се движеше од 36 до 37 проценти. Тука мора да се забележи еден феномен, односно во периодот после воениот конфликт нашата економија остварува високи стапки на раст односно во 2003 година стапката на раст изнесува 2,8 %, а невработеноста се зголемила за 4,8%, во 2004 година стапката на раст на БДП изнесува 4,6 % а невработеноста се зголемила за 0,5 % односно на 37,2 %. Во 2005 имаме стапка на раст од 4,4 проценти на БДП, а невработеноста повторно минимално се зголемува на 37,3%. Можеме да забележиме дека во овој период и поради фактот што имаме висока стапка на раст на БДП сепак стапката на невработеност се зголемува.

Од слика 30 може да се заклучи дека, во периодот 2000-2019 година стапката на невработеност ја следи обратно пропорционално динамиката на раст на БДП по глава на жител.



Слика 30 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на невработеност во изворни вредности во периодот од 2000 до 2019 година
Figuire 30 GDP per capita movement (in euros) and the unemployment rate in source values in the period from 2000 to 2019



Слика 31 Движење на БДП по глава на жител (во евра) и стапката на невработеност од 2000 до 2019 година
Figure 31 GDP per capita movement (in euros) and the unemployment rate from 2000 to 2019

Сликата 31 ја покажува динамиката на раст на БДП по глава на жител на трансформираните (логаритамски) вредности со стапката на невработеност ублажени со трансформацијата.

Степенот на корелација меѓу променливите е прикажан во табелата 32. Од табелата се забележува дека корелациониот коефициент меѓу стапката на невработеност и стапката на вработеност е (-0.95), што може да има влијание врз регресионите резултати. Според статистичките пресметки на корелацијата, може да се заклучи дека зависноста меѓу БДП по глава на жител во евра и стапките за вработеност и невработеност се силни (0.93, односно -0.99). Стапката на продуктивност покажува слаба зависност со сите променливи: со БДП по глава на жител во евра е (-0.35), со стапката на вработеност (-0.27), а со стапката на невработеност (0.29) и тоа упатува дека може би треба да ја исклучиме како независна променлива во линеарниот регресионен модел, бидејќи меѓусебната зависност со сите променливи е слаба.

Табела 32 Корелација помеѓу променливите и БДП по глава на жител, стапка на вработеност, стапка на невработеност и стапка на продуктивност
Table 32 Correlation between variables and GDP per capita, employment rate, unemployment rate and productivity rate

Корелација помеѓу променливите и БДП по глава на жител, стапка на вработеност, стапка на невработеност и стапка на продуктивност Correlation between variables and GDP per capita, employment rate, unemployment rate and productivity rate				
	БДП по глава на жител/ GDP per capita	Стапка на вработеност / Employment rate	Стапка на невработеност / Unemployment rate	Продуктивност / Productivity
БДП по глава на жител	1			
Стапка на вработеност	0.93	1		
Стапка на невработеност	-0.99	-0.95	1	
Продуктивност	-0.35	-0.27	0.29	1

Го применуваме повторно линеарното регресионо моделирање на зависната променлива БДП по глава на жител со независните променливи стапка на вработеност, стапка на невработеност и стапка на продуктивност во логаритамска форма. Ќе ја примениме “Backward” методата. При тоа добиваме три регресиони модели. Во првиот модел се сите независни променливи, во вториот е исклучена стапката на вработеност, а во третиот е останата само стапката на невработеност.

Табела 33 Сумар на моделите
Table 33 Model summary

Сумар на моделите Model summary										
					Change Statistics					
Модел / Model	R	R^2	Прилагоден / Adjusted R^2	Стан. Грешка / Std. Error of the Est.	R^2 промена / Change	F промена / Change	df1	df2	Значајна промена / Sig. F Change	Durbin-Watson
1	.949[a]	.900	.873	.0832	.900	33.056	3	11	.000	
2	.946[b]	.894	.877	.0820	-.006	.658	1	11	.434	
3	.933[c]	.870	.860	.0874	-.024	2.770	1	12	.122	.461

Табела 34 Анова
Table 34 Anova

Анова Anova						
Модел / Model		Збир на квадрати / Sum of Squares	Df	Варијанса / Mean Square	F	Значајност / Sig.
1	Регресија	0.687	3	0.229	33.056	0.000[b]
	Резидуал	0.076	11	0.007		
	Тотал	0.763	14			
2	Регресија	0.682	2	0.341	50.698	0.000[c]
	Резидуал	0.081	12	0.007		

	Тотал	0.763	14			
3	Регресија	0.664	1	0.664	86.811	0.000[d]
	Резидуал	0.099	13	0.008		
	Тотал	0.763	14			

Табела 35 Коефициенти на моделите
Table 35 Model coefficients

Коефициенти на моделите / Model coefficients											
Модел / Model		Нестандардизирани коефициенти / Unstandardized Coefficients		Стандард. Коеф. / Standar. Coeffic.	T	Значај. Sig.	Корелации / Correlations			Колинеарна статистика / Collinearity Statistics	
		B	Стан. грешка / Std. Error	Бета / Beta			Zero order	Partial	Part	Tolerance	VIF
1	Константа / Constant	16.556	6.155		2.690	0.021					
	Стапка на вработ. / Employ.rate	0.425	0.524	0.201	0.811	0.434	0.899	0.238	0.077	0.149	6.730
	Стапка на невраб. / Unemp.rate	-0.686	0.234	-0.714	-2.928	0.014	-0.933	-0.662	-0.279	0.153	6.551
	Продукт. / Productivity	-2.005	1.364	-0.146	-1.470	0.170	-0.369	-0.405	-0.140	0.916	1.091
2	Константа/ Constant	19.446	4.948		3.930	0.002					
	Стапка на невраб. / Unemp.rate	-0.860	0.093	-0.895	-9.273	0.000	-0.933	-0.937	-0.871	0.946	1.057
	Продукт. / Productivity	-2.201	1.323	-.161	-1.664	0.122	-0.369	-0.433	-0.156	0.946	1.057
3	Константа/ Constant	11.226	0.322		34.899	0.000					
	Стапка на невраб. / Unemp.rate	-0.896	0.096	-0.933	-9.317	0.000	-0.933	-0.933	-0.933	1.000	1.000

Вредноста на коефициентот на детерминација (прилагодениот R^2) во трите модела е висока и е околу 0.877, што значи, дека приближно 88% од варијациите на зависната променлива може да бидат објаснети со влијанието на сите независни променливи. (Табела 33)

F статистиката, пресметана со АНОВА, е статистички значајна за p< 0.05 за сите три модела: и е F(33,056;p <0.05) во првиот модел, F(50,698;p <0.05) во вториот модел и F(86,811;p <0.05) во третиот модел (Табела 34)

Во првиот модел т-статистиките покажуваат дека регресониот коефициент на променливата стапка на вработеност е статистички незначаен β_1= 0.425 (t= 0.811, p=0.434>0.05) и оваа променлива е изоставена во вториот модел .

Во вториот модел т-статистиките покажува дека регресониот коефициент на променливата стапка на продуктивност е статистички незначаен β_2= - 2.201 (t= -1.664, p=0.122>0.05) и оваа променлива е изоставена во третиот модел .

Во третиот модел регресионите коефициенти се статистички значајни за p =0.05. За константата регресониот коефициент е β_0= 11.226 (t= 34.899, p<0.05). Регресониот коефициент за променливата стапка на невработеност е β_1=-0.896 (t=(-9.317, p<0.05). (Табела 35).

Во колоната за парцијална корелација (partial) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи кај двете променливи линеарното влијание на преостанатите независни променливи. Во нашиот случај, во првиот модел се гледа дека парцијалната корелација на стапката на невработеност во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на стапката на вработеност и стапката на продуктивност е умерено висока и е |(-0.662)| во апсолутна вредност. Парцијалната корелација на стапката на вработеност во однос на БДП по глава на жител, кога ќе се исклучи влијанието на стапката на невработеност и стапката на продуктивност, е ниска и е (0.238). Меѓу нив е парцијалната корелација на стапката на продуктивност со апсолутна вредност од |(- 0.405)|.

Во вториот модел, парцијалната корелација на стапката на невработеност во однос на БДП по г.ж во евра е исто така висока |(-0.937)|, а вредноста на

парцијалната корелација на стапката на продуктивност е скоро два пати пониска |(-0.433)| по апсолутна вредност.

Од колоната за семипарцијална корелација (part) се гледа ефектот на корелација меѓу зависната променлива и соодветната независна променлива, кога ќе се исклучи линеарното влијанието на преостанатите независни променливи само врз независната променлива. Семипарцијалната корелација кај стапката на вработување во првиот модел е (0.077) е ниска. Тоа потврдува дека ефектот на влијание на стапката на невработеност врз БДП по глава на жител во евра во периодот 2005-2019 година е поголемо од влијанието на променливите стапка на вработување и стапка на продуктивност. Слично е и во вториот модел. Семипарцијалната корелација на стапката на невработеност |(-0.871)| е скоро 6 пати поголема од семипарцијалната корелација на стапката на продуктивност |(-0.156)| во апсолутна вредност.

Од регресионата равенка на третиот моделот заклучуваме:

Релативната намалување на стапката на невработеност од 1% може да предизвика позитивна релативна промена од приближно 1 % (0.896%) на БДП во евра по глава на жител.

Равенката на моделот е ln(БДП)=11.226 - 0.896*ln(unemp). Доколку ја антилогаритмираме равенката на регресија ќе ја добиеме следната равенка: (БДП) = 75057*(unemp)^(-0.896).

ЗАКЛУЧОК

Загрижувачки се податоците добиени од истражувањето во овој докторски труд кои укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија, меѓу земјите од Западен Балкан има најслаба прогноза за економски раст. Од останатите земји од Западен Балкан, Светска Банка прогнозира економски раст од 3,2% за Албанија и Србија, 3,6% за Ц.Г и 3,9 за Косово. Просекот за Западен Балкан е раст од 3,1%. Со оглед на тоа дека земјите од Западен Балкан имаа ист или сличен образовен систем, изненадуваат статистиките кои покажуваат дека Република Северна Македонија е многу ниско рангирана според Индексот на човеков развој, дури на 82 место.

Во овој докторски труд се понудени докази за ефектите од растот на човечкиот капитал мерен со индексот на човечки развој врз економскиот раст. Во трудот се применети повеќе методи. За испитување на карактеристиките на податоците се користи дескриптивната статистика, мултиваријантната анализа и регресионата анализа. Методот на корелација се користеше за одредување на јачината и насоката на совпаѓање на варијациите на две или повеќе појави. Додека влијанието на секој фактор врз независната променлива се испитуваше со повеќекратна регресија.

Како проблем во анализата во трудот беа и кратките временски серии на податоци од по 20 години. Сериите во социјалните статистики често се годишни и не секогаш се долги, како на пример што е случајот во економските статистики - дневни извештаи од берза, месечни и квартални податоци за вработеност и невработеност, месечни податоци за инфлација и сл.

Воспоставување или ревизија на одредени индикатори исто така има влијание во должината на временските серии. Пример за индексот за човечки ресурси има промена во пресметките од 2010 во делот за писменост, а БДП по меѓународен стандард се пресметува од 1999 година. Должината на сериите влијаеше ограничувачки за продлабочена анализа на податоците по временските точки во сериите и можностите за предвидувања.

Прашањето за долгорочниот економски раст и развој има висока релеватност за секоја економија, бидејќи ако земјата остварува високи и одржливи стапки на економски раст, се подобруваат сите нејзини економски и социјални перформанси. Фактички, од динамиката и од квалитетот на растот, во крајна линија, зависи благосостојбата на граѓаните на земјата. Ова особено и поради општопознатото сознание на теоријата на економскиот раст дека мали, дури маргинални, занемарливи колебања во стапките на економскиот раст (од 0,5 или 1 процентен поен) имаат долгорочни последици врз економската моќ на една земја. Имајќи предвид дека економскиот развој претставува само еден процес од комплексниот систем наречен човечки развој, произлегува дека економскиот развој неминовно води до човечки развој и квалитет на живот.

Растот и развојот на економијата на една држава зависи од проектирањето на буџетот. Како расте бруто домашниот производ по глава на жител, а со него паралелно и сите други економски индикатори, така се димензионира и буџетот. Во однос на мерките преку кои државата инвестира во човечкиот капитал, во 2019 година беше посветен Предлог-буџетот за 2020. Секој млад човек кој се родил, образувал, работел и придонесувал за РСМ, поразителен е податокот дека наместо да се подобруваат државните политики за грижа за најголемите столбови на едно општество, здравство, образование и социјала, тие заостануваат и за жал се уназадуваат. Кон тие цели, беше насочен и Буџетот во 2020 година, кога за 9% се зголеми буџетот за здравствена заштита кој изнесуваше 33,7 милијарди денари, средства наменети за финансирање на здравствените услуги. Мерките кои беа преземени во оваа област како зголемување на капитацијата, достапност на лековите во текот на целиот месец, зголемување на надоместоците на специјалистите, како и за зголемување на платите на медицинскиот кадар во јавните здраствени установи имаа за цел да го мотивираат здравствените работници, да останат во државата. Од Буџетот беа одвоени и 1.5 милијарди денари за капитални инвестиции во здравството.

Покрај здравството, од Буџетот се одвоија и 1,4 милијарди денари за капитални инвестиции во образованието, за подобри и поквалитетни генерации. Се отпочнаа и проекти за дуално образование, кое почна да се применува во средните стручни училишта и да се внесува во пракса преку

компаниите. Агенцијата за вработување понуди и мерки за поддршка на вработувањето со тренинг и преквалификации на работната сила која не е ангажирана и е слободна на пазарот на трудот.

Тргнувајќи од правото на квалитетно предучилишно згрижување, воспитување и образование на децата, Владата на РСМ во 2021 година го зголеми за 50% опфатот на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување, за што во 2020 година беа одвоени 360 милиони денари за изградба на детски градинки, како и за зголемување на постоечките капацитети.

Во 2022 година, на работен состанок на неколку министерства и претставници од Светска Банка за човечки развој во земјите од Западен Балкан, беше промовирана и работната верзија на „Стратегијата за развој на човечки капитал“. Стратегијата за човечки капитал, се заснова на подобрување на квалитетот на услугите во образованието, здравството и социјалната заштита, акцентирање на потребите на ранливите категории граѓани, зголемени инвестиции во човечки капитал и истовремено зголемена ефикасност на инвестиции и зајакнување на управувањето и зајакнување на капацитетите на секторите за човечки развој. Човечкиот капитал е исклучително важен за секоја земја и вложувањето во истиот треба да овозможи забрзан, инклузивен и одржлив развој на земјата.

Со реализација и имплементација на овие мерки на долгорочен план, односно со долгорочно инвестирање во човечкиот капитал, од една страна се олеснува неговото приспособување на пазарот на трудот, а од друга страна се мотивира приватната потрошувачка. Така граѓаните ќе придонесуваат и ќе бидат попродуктивни и со тоа ќе го зголемуваат севкупниот економски стандард на државата

Во докторската дисертација, трите хипотези (подолг животен век по глава на жител, поголема вклученост во образовниот процес, растот на продуктивноста и вработеноста) имаат позитивна асоцијација со зголемен БДП по глава на жител, со што може да се предвиди и нивното влијание врз економскиот раст во Република Северна Македонија. Со тоа клучната хипотеза во овој труд се

покажа како точна, согласно сите параметри и тестови при економетриската анализа.

Уште повеќе, од регресионата равенка за првата хипотеза, на вториот модел заклучуваме дека со релативна промена на очекуваното траење на животот од 1% може да предизвикаме позитивна релативна промена од 31% во БДП во евра по глава на жител. Но, треба да се потсетиме дека и релативниот годишен пораст на очекуваното траење на животот за периодот 2000-2019 година е 0.17%, што е помало од 1%, па може да заклучиме, дека за промена од 0,1% во очекуваното траење на животот при раѓање, може да очекуваме релативно зголемување од 3% на БДП по жител.

Самиот индикатор за очекуваното траење на животниот век при раѓање, е многу сложен индикатор и апсорбира во себе многу различни ефекти. Истражувањата беа концентрирани односно требаше да го видиме ефектот на очекуваното траење на животниот век при раѓање врз порастот на БДП. Меѓутоа самиот индикатор- очекуваното траење на животниот век при раѓање, трпи најразлични влијанија, апсорбира се што се случува во економијата, социјалниот живот, културолошки начин на живеење – благосостојба на домаќинствата, животен стил на домаќинствата, начин на образование и сл. Анализата беше правена повеќе од здравствениот аспект на животниот век по глава на жител. Очекувано траење на животот е исто така еден индикатор кој не се пресметува директно, има подолга шема на пресметки, а почетокот на пресметките е од морталитетот, т.е. морталитетот на населението по сите возрасни групи, што значи дека има големо влијание – ако морталитет е голем тогаш има помало Очекувано траење на животот и обратно.

За стапката на смртност земена е најмалата група (0 до 5 години) зошто обично ако таа смртност е голема имаме лош здравствен систем, нема поддршка од здравствениот систем на населението- односно имаме нездрави генерации од кои не може да се очекува да имаат и големо очекувано траење на животот и при раѓање. Анализите укажуваат на висока стапка на корелација помеѓу БДП и Очекувано траење на животот од раѓање (0,985) и таа е сигнификантна, додека стапката на смртност кај деца до 5 години е пониска,

што значи двата индикатори се движат во обратни насоки. Ако стапката на смртност опаѓа. Очекуваното траење на животот расте.

Во Република Северна Македонија 99 од 100 живородени деца доживуваат 5 годишна возраст. Стапката на смртност на децата под 5 години во Северна Македонија постепено падна од 15,8 смртни случаи на илјада живородени деца во 2000 година на 6,3 смртни случаи на илјада живородени деца во 2019 година.

Токму поради тоа, идните развојни перспективи треба да бидат во поголеми инвестиции во здравството кои секако се комплементарни со оние во образованието, бидејќи резултатите од квалитетно образование можат да бидат поголеми само ако луѓето можат да работат подолго време или со повисоко ниво на интензитет доколку имаат подобро здравје. Слично на тоа, повратот на здравјето најверојатно ќе биде поголем ако работната сила е подобро образована и поинформирана со што придонесува за подобрување на нејзината благосостојба.

